## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Првото продолжение на Триесет и втората седница на Собранието на Република Македонија,
## одржана на 29 декември 1999 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала I, со почеток во 11,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Го отворам првото продолжение на Триесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Љупчо Анушев не извести дека од оправдани причини не е во состојба да присуствува на денешната седница.

Констатирам дека во салата се присутни 61 пратеник и седницата може да продолжи со работа.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на Буџетот.

Господа пратеници откако вчера колегата претседател на Собранието ги прочита амандманите кои се пристигнати за денешната седница, имаме уште неколку амандмани.

Имаме амандман поднесен од пратеникот Ѓорѓи Тодоров на член 3 раздел 9002 ставка 4471 потставка 471046, ставка 485 потставка 485020, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Јордан Бошков поднесе амандман на член 3 раздел 2001 ставка 468 потставка 468010 и раздел 9002, ставка 485 потставка 485020, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Благоја Стојковски поднесе амандман на член 3 раздел 12001 ставка 472 потставка 472026 и за додавање новн потставка 472027, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Димитар Бузлевски, Илија Филиповски, Сејфедин Харуни и Тито Петковски поднесоа амандман на член 3 раздел 9002 ставка 443 потставка 443131 и раздел 4002 ставка 468 потставка 468096, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Стојан Попов, Валентина Божиновска поднесоа амандман на член 3 раздел 18010 ставка 441 потставка 441104, потставка 441120, потставка 441139, потставка 441147, потставка 441155 и потставка 441163, раздел 7001 ставка 467 потставка 467030, раздел 1201 ставка 472 потставка 472026, раздел 18010 ставка 468 потставка 468010, по кои Владата не се произнела.

Истовремено пратениците Стојан Попов и Валентина Божиновска го повлекоа амандманот под број 07-4589/19 од 28 декември 1999 година.

Пратеникот Ристо Спанаков поднесе амандман на член 4 раздел 6001 ставка 468 потставка 468096 и за раздел 9001 ставка 423 потставка 423017, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Радомир Карангелески го повлече амандманот на член 3 раздел 9002 ставка 471 потставка 471046, раздел 7001 ставка 467 потставка 467030, раздел 9001 ставка 467 потставка 467133 и на раздел 12101 ставка 467 потставка 467197.

Господа пратеници, ова се амандманите кои досега се поднесени до Собранието или од повеќе пратеници или поединечно од пратеник.

Отворам претрес по амандманот на член 2, поднесен од Законодавно -правната комисија.

За овој амандман се согласил повереникот на Владата.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Овој амандман Владата го прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Значи овој амандман станува составен дел на текстот на Предлогот на Буџетот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 2001 ставка 401 потставка 401021 и на раздел 9001 ставка 401 потставка 401021, поднесени од Комисијата за екологија, млади и спорт и од Комисијата за монетарно - кредитна политика и банкарство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Од присутни 73 пратеника гласале 64, 22 за, тројца воздржани и 39 против.

Констатирам дека Собранието не го прифати амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 2001 ставка 420 потставка

420050 потставка 420069 и потставка 420077 и раздел 6001 ставка 468 потставка 468096, поднесени од Комисијата за екологија, млади и спорт и Комисијата за надворешна политика.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Од вкупно присутни 74 пратеници, гласале 65, 24 пратеници гласале за, 4 воздржани и 37 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 раздел 2001 ставка 420 потставка 420050, потставка 420069 и потставка 420077 и раздел 6001 ставка 468 потставка 468096, поднесени од Комисијата за екологија, млади и спорт и Комисијата за надворешна политика.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 2001 ставка 425 потставка 425044, раздел 17001 ставка 463 потставка 463027, поднесени од Комисијата за екологија, млади и спорт и од Комисијата за монетарно - кредитна политика и банкарство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Јас само би сакала да кажам дека на Комисијата за млади и спорт, барем информацијата што ја добивме од службите од Собранието, е дека овие амандмани ќе бидат предложени до сите комисии и сите комисии ќе се јават во форма на предлагачи на овие амандмани кои што ја допираат работата на Собранието на Република Македонија. Претходните неколку и покрај тоа што беа прифатени од некои други комисии кои што се надлежни, како на пример Комисијата за надворешна политика на ова Собрание, не беа прифатени од парламентарното мнозинство.

Овој четврти амандман, според објаснувањата од службите во Собранието, се однесува на опремување на информациониот систем на Републиката, во кој што бројката се зголемува за седум милиони кои што се земаат од истата ставка, од Министерството за наука.

Според информациите што ги имавме тогаш на Комисијата и како пратеничка група, се работи за можност информациониот систем во Собранието да се доопреми со некои, можеби да кажам и периферни елементи на опремата, бидејќи еден дел се очекува да биде добиен од странска помош. Меѓутоа, доколку овие средства не бидат обезбедени, оваа странска помош ќе остане или делумно не искористена или целосно не искористена. Во разговорите што ги имавме и на самата Комисија, разговаравме дали Собранието барем еднаш ќе се одлучи да се постави во улога на донесувач на овој закон и да води сметка не само за тоа што предлага и што поддржува Министерството за финансии и Владата, туку и реалните потреби на Собранието на Република Македонија, бидејќи се работи за конкретен предлог, за предлог кој што не ги тангира, можеби нашите како Собрание материјални интереси, туку и ја овозможува по добрата и по ефикасна работа на Собранието.

Мислам дека треба да се поддржи и јас апелирам до сите пратеници во ова Собрание да размислат, да видат кои се условите во кои што работи ова Собрание, во поглед на техничката подготвеност, а кои се условите во кои работат министерствата во Владата, па да видат дека навистина потребите се далеку по изразени во Собранието отколку во Владата. Меѓутоа очигледно дека пратениците на парламентарното мнозинство сепак се однесуваат како гласачка машина, која дури допушта голем дел од овие амандмани да поминат без да се запрашаме, дали сме биле реални кога сме ги предложиле амандманите или сме сега реални, кога истите не ги прифаќаме.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господине потпретседателе, почитувани колеги, би сакал да дадам едно кратко дообјаснување и за колегите кои се во овој нов состав, а и за колегите кои се од претходните состави.

Многу пати на говорницата со право пратениците, не да се жалат, туку реагираат дека навистина секогаш имаме помалку информации од претставниците на Владата, посебно од министрите. Сум бил и на двете страни и знам дека тоа е точно, со оглед на тоа што можностите за достап до вистински информации и правовремени информации на пратениците се многу помали, отколку на оние со кои располагаат претставниците на Владата.

Во државата подолго време се гради информационен систем. Собранието не е

вклучено во информациониот систем. Не знам дали колегите се запознаени дека за сигурно се очекува до март или април во Собранието, како помош, да стигнат стотина компјутери. Она што нас ни треба за да се поврземе со државниот информационен систем, преку кој голем број на информации ќе можеме правовремено да ги примаме, тие компјутери што ќе дојдат треба да се поврзат во мрежата. Не се предвидени никакви средства да се умрежат меѓусебно, стоте компјутери што ќе дојдат во Собранието и да се поврзат на државниот систем.

Ако ние не обезбедиме минимални средства, а тоа се неколку милиони денари или до 200 илјади германски марки, тие компјутери што ќе дојдат во Собранието ќе останат не вклучени во државниот информационен систем се до 2001 година, некаде во март месец, а ние ќе останеме без можностите што ги дава државниот информационен систем, за навреме да имаме информации.

Според тоа, навистина, како пратеници треба добро да размислиме дали еден таков потенцијал, кој може да ни биде скоро на дофат, ќе го оставиме мртов се до 2001 година, заради некои четири до пет милиони денари кои се потребни за да се поврзат меѓу себе и да се поврзат со државниот информационен систем.

Затоа, не бев присутен на седницата на Комисијата за надворешна политика, меѓутоа како член на таа Комисија и како пратеник кој што бил на двете страни, мислам дека треба да се заложиме, а со тоа не правиме никакви пореметувања, затоа што се работи за зафаќање на средства кои се веќе билансирани во Министерството за наука, а таму се води државниот информационен систем. Мислам дека треба сериозно да размислиме дали ќе му дадеме поддршка на овој четврти амандман, од сетот на амандмани кои се однесуваат на оваа проблематика за која што зборувам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор пратеникот Радомир Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

На Комисијата за надворешна политика г. Ханџиски не беше, имаше пратеници од сите парламентарни групи, едногласно се усвои заклучокот да се поддржи ставката во Буџетот за доопремување и додефинирање на информациониот систем на Собранието. Веќе се договорени одредени работи по 2000 марки месечно за приклучување во мрежата на Интернет со Македонскиот Телеком вкупно 24 илјади марки за поврзување и она што е доопремување на хардверот што ќе го добиеме од Тајван, тие 130 компјутери не знам колку принтери, она што е ветено како 500 илјади долари помош од Тајван.

Да не должам, бидејќи беа изречени овие работи, само да дополнам, бидејќи сега влезе г. Јордан Бошков, едногласно на Комисијата го поддржавме, разговаравме со претседателот на Собранието, а овие средства, колку што сум информиран, во претходните години секогаш беа лоцирани во Министерството за наука и сметаме дека сериозно треба за ова да размислиме, односно да гласаме за овој предлог.

Како пратеничка група Демократската алтернатива ќе го поддржи амандманот. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави господинот Биљал Љутфиу.

**БИЛАЛ ЉУТФИУ:**

Потполно се согласувам со дискусијата на г. Ханџиски и на последниот дискутант, навистина така беше договорени, пратеничката група на ДПА ќе го поддржи овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави госпоѓа Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

И пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, бидејќи е однапред договорено, се приклонува кон мнозинството за гласање.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господо пратеници, во смисла на ова што пратениците го изнесоа, бев присутен, така навистина на проширената седница на Претседателството на Собранието, каде беа претставници на парламентарните групи се договоривме да биде вака.

Со оглед на ова, Ве молам да гласаме.

Владата не се согласува, па ние мораме да гласаме.

Ве молам вклучете го системот за гласање.

Од присутните 82 пратеници гласале 75, од кои 64 за, 1 воздржан и 10 против.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 3, раздел 2001, ставка 425, потставка 425044 и раздел 1701, ставка 463, потставка 463027 поднесени од Комисијата за екологија, млади и спорт и од Комисијата за кредитно - монетарна политика и банкарство.

Отварам претрес по амандманот на член 3 раздел 3001, ставка 427, потставка 427195 и на раздел 9002, ставка 427 поставка 427128, поднесени од Комисијата за

одбележување на годишнини на значајни настани и истакнати личности.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г. Настески Кирил.

**КИРИЛ НАСТЕСКИ:**

Во текот на вчерашната седница најавив во врска со овој амандман, меѓутоа денеска како известител на седницата на Собранието од Комисијата за одбележување годишнини на значајни настани и личности, сакам да ги замолам колегите пратеници да гласаат за овој амандман, од следните причини:

Прво, со Одлуката за одбележување годишнини на значајни настани и истакнати личности, која е донесена во 1998 година, предвидено е финансирање на Програмата за одбележување годишнини на значајни настани и истакнати личности. Меѓутоа, во Буџетот тоа не беше предвидено.

Исто така, сакам да нагласам дека со овој амандман, средствата што треба да бидат на Собранието на Република Македонија во Програмата што ќе биде на спроведување во текот на 2000 година, се предвидени такви одбележувања на значајни настани и истакнати личности, со што се дава посебна важност на државно - правниот развој на Република Македонија, се афирмира историското и културно наследство и се негуваат општо цивилизациските вредности.

Само да напомнат, а општо познато е, во целиот свет се слави и ќе се слави, идната година треба да одбележиме 2000 години од Христијанството, почеток на третиот милениум, 2000 години од постоењето на Скопје, да спомнам 100 години од првата изведба на "Македонска крвава свадба", да спомнам 90 години од раѓањето на Мајка Тереза и ред други значајни личности. Потоа, 10 години од првите повеќепартиски избори.

Според тоа, сметам дека овој Парламент треба да гласа за овој амандман, бидејќи како што реков тоа е една општа афирмација на Република Македонија во сите овие сегменти, за одбележување на овие значајни настани и истакнати личности. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави г. Сајковски Аце.

**АЦЕ САЈКОВСКИ:**

Го поддржувам претседателот на Комисијата за прослави, бидејќи тоа е оправдано, а верувам дека таа поддршка ќе ја дадат сите пратеници, затоа што еднаш мора да се почне со финансирање, со партиципација на оваа Комисија. До сега тоа не е правено.

Секоја година оваа Комисија носела програми и никогаш ништо не реализирала. Затоа, ќе биде некако на маргините. Комисијата работи во интерес на Собранието, токму на сите пратеници тука и затоа сметам дека сите пратеници треба да го поддржат овој амандман.

Во теков на оваа година се одбележува 10 годишнината од плурализмот.

Како ќе ја одбележиме таа манифестација без никакви средства? Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор побара заменикот министер за финансии г. Јордан Марковски.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Само уште неколку зборови.

Владата не го прифаќа амандманот од следните причини, ако тргнеме во оваа насока, јас ги прифаќам сите дискусии, сите образложувања за потребите и т.н., но комисиите, конкретната Комисија се финансира од Буџетот на Парламентот.

Според тоа, нелогично е една Комисија или утре ќе се јават побарувања од други комисии, да се јават како корисници на посебен Буџет. Тоа е проектирано во Буџетот на Собранието и оттука ќе се финансира.

Ако Комисијата мисли и дополнителни средства, никој во тоа не ја попречува. Но, не буџетски средства. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му давам збор на г. Настевски Кирил.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

Жалам што претставникот на Владата овие дискусии, мојата и на мојот почитуван колега кој дискутираше после мени, ги сфати како да се бараат средства за работа на Комисијата.

Нам, многу ни е јасно дека сите комисии што работат во Парламентот, се финансираат од Буџетот на Собранието на Република Македонија. Меѓутоа, јас добро напомнав дека се работи за сосема друга работа, заради што имаме обврска сите, дури и Владата и целиот Македонски народ и народностите, во текот на оваа година да ги одбележиме тие значајни настани и истакнати личности, што ги напомнав претходно.

Според тоа, образложеението на претставникот на Владата воопшто не држи и сметам дека пратениците ќе го поддржат ова

што го изнесуваме веќе двајца пратеници. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставан на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, од кои 34 за, 6 воздржани и 29 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 раздел 2001, ставка 427, потставка 427195 и на раздел 9002, ставка 427, потставка 427128, поднесени од Комисијата за одбележување на годишнини и значајни настани и личности.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 2001, ставка 468, потставка 468010 и раздел 4002, ставка 468, потставка 468096, поднесени од Комисијата за екологија, млади и спорт.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа и овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Од 80, гласале 63, од кои 13 за, 3 воздржани и против 47.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 раздел 2001, ставка 468, потставка 468010 и раздел 4002, ставка 468, потставка 468096, поднесени од Комисијата за екологија, млади и спорт.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 2001, ставка 468, потставка 468010 и раздел 9002 ставка 485, потставка 485020, поднесен од пратеникот Јордан Бошков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот е составен дел на текстот на Буџетот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 3001, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Повереникот на Владата се согласил, а го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот е составен дел на текстот на Буџетот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 6001, ставка 468, потставка 468096 и на раздел 9001, ставка 423, потставка 423017, поднесен од пратеникот Ристо Спанаков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор бара г. Ристо Спанаков.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Како што истакнав на вчерашната седница, амандманот го поднесов со цел да се изготват документите за започнување со реализација на Законот за денационализација.

Се работи за една ставка што е минимална од околу милион денари, што требаше да претставува подготовка за отпочнување со реализација со Законот за денационализација.

Ги молам колегите пратеници, доколку имаат слух за Законот за денационализација, да го поддржат и ќе бидам благодарен.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од 80 присутни пратеници, гласале 69, за гласале 32, 6 се воздржани и 31 против.

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 9002, ставка 443, потставка 443139 и раздел 4002, ставка 486, потставка 468096, поднесени од пратениците Димитар Бузлевски, Илија Филиповски, Сејфедин Харуни и Тито Петковски.

По овој амандман Владата не се произнела.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Овој амандман владата не го прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

Збор има г. Илија Филиповски.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, колеги пратеници, во Буџетот за оваа година, за функциите на хуманитарните организации се намалува износот од минатата година од 60 милиони на 20 милиони. Таму има една бројка околу 70 луѓе и апсолутно не гледам како тие организации како понатаму ќе опстанат да живеат, кога три пати им се намалуваат приходите по овој основ од Буџетот.

Затоа, мислам дека Владата треба уште еднаш да размисли.

Се работи за хендикепирани лица, кои не можат на друг начин да создаваат приходи и мислам дека треба да се најде решение Владата да го прифати овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г. Љубомир Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Само би сакал да ги потсетам колегиве од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, останува се уште во свежо сеќавање кога беше претседателската кампања што заврши пред 1,5 - 2 месеци, во очи на гласањето од страна на нивниот кандидат за претседател г. Борис Трајковски, имаше средба со овие така да кажам, ретардирани или хумано згрижени лица.

Тоа беше една 10 минутна репортажа од средбата, што ја имаше претседателот со овие лица токму во очи на гласањето. Мислам дека и МРТ се обиде да воведе и емисии или пак дел од кампањата да пренесува со симултан превод и мислам дека ова би била една голема хипокризија од нивната пратеничка група за време на претседателските избори да се има еден однос, а сега, кога станува збор за средства од Буџетот за егзистенција на овие асоцијации, да се има поинаков однос. Само како потсетување.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор побара претставникот на Владата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот Јордан Марковски.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Пак ќе повторам дека сите дискусии се издржани, меѓутоа предвидени се во Буџетот средства за таа намена. Меѓутоа една извршена контрола, ова мисла повеќе треба господата пратеници да го знаат, во смисла на наменското користење на овие средства, што од Буџет се предвидуваат за вакви хуманитарни цели констатира, дека од прилика 20% од предвидените и дистрибуирани средства не се наменски користени, туку се користени претежно за намени што не се ни хуманитарни, ни ништо. Или се трошени за делење на награди, или се трошени од еден човек и тоа за купување на стан за него и т.н. и т.н.

Оттука не дека и јас и Владата не е чувствителна спрема ваквите хуманитарни организации кои што претежно ги социјализираат ретардираните лица, деца и т.н., но со едно построго наменско користење, мислам дека ќе има сосема, сосема доволно средства во висина на овие што се предвидени.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор...

Се извинувам Илија не те видов.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Треба да се тргнеме од шпекулациите. Ако и после такви шпекулативни работи во овој дел, треба инспекциите да си ги извршуваат работите на време, а да се предвидуваат средства толку за да можат овие организации да опстанат.

Затоа што, ако продолжи така може и овие пари по основ на шпекулации да отидат на друг начин.

Затоа мислам ако зборуваме за правана држава, треба да се држиме до тоа слово.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го повторувам пак заклучокот дека претресот по амандманот е завршен и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно присутни 81 пратеник, гласале 69, од кои 23 го подржале амандманот, 7 воздржани и 30 против.

Констатирам дека амандманот не го доби потребното мнозинство.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 9002 ставка 471 потставка 471046, ставка 485 потставка 485020, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Тодоров.

Го молам претставникот на Владата, бидејќи досега за овој амандман не се произнел да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Молам дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и истиот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно присутни 81 пратеник, гласале 62, од кои за амандманот 11, воздржани 6, против 45.

Значи амандманот не ја доби потребната поддршка.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 12001, став 472 потставка 472026 и за додавање на нова ставка 472 потставка 472027, поднесен од пратеникот Благоја Стојковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Поднесениот амандман не се однесува на зафаќање на средства од некои други ставки за да може да се наруши проекцијата на Буџетот, за која наполно го разбирам претставникот на Владата кога вели дека не треба да се прифати амандманот.

Амандманот е поднесен од две причини.

Прва причина е во Буџетот постои ставка - изградба на водоводи и од таа ставка изградба на водоводи се бара изградба на доводен вод за водоснабдување на Општина Куманово и голем дел од Општина Липково.

Не се бараат нови средства, туку од истите средства за 2000-та година некаде околу 30 милиони денари да бидат наменети за изградба на доводен вод, бидејќи градот Куманово во текот на летните месеци не може да ги задоволи потребите на граѓаните на Куманово и изградбата на овој водовод започна 1998 година со обезбедени средства од околу 15 милиони денари од локалната самоуправа и некаде 9 милиони денари преку ФАРЕ програмата. Тие средства во 1999 година се потрошени.

За да не се стопира понатамошната изградба на водоводот, поднесов амандман за оваа започната работа, за која постои потполна техничка документација, од овие средства, 200 милиони да се издвојат само 30 милиони денари и истите да бидат наменети за изградба на овој доводен вод.

Втората причина, е што минатата година исто така дискутирав по ова прашање. Од тогаш министер за финансии ми беше речено дека овие средства ќе ги распределува Владата и сигурно дека ќе има предвид една ваква работа, бидејќи се работи за една голема општина и за една друга голема локална самоуправа, меѓутоа во минатата година не добивме таму ниту еден денар за општина Куманово.

Мислам дека останува старото правило, дека ако немаш некој мил во Владата, не ќе можеш ништо да направиш, а ние од Куманово па и од пошироката околина на Куманово, новите локални самоуправи и во минатата Влада, ова што беше сменета, а гледаме и во оваа нова Влада немаме министер, немаме заменици министри, па според тоа не очекувам дека нешто и во наредниот период за општината Куманово и локалната самоуправа Липково ќе се продолжи, а се работи за еден многу битен водовод за население од над 120 илјади жители.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави Чедомир Кралевски.

**ЧЕДОМИР КРАЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници. Јас иако не сум потписник на амандманот на Благоја Стојковски се придружувам кон неговата идеја за добивање на средства преку Буџетот, за изградба на доводот од Липковско Езеро и Глажња до градот Куманово, бидејќи точно е тоа дека сегашниот вод е тесно грло и точно е дека проблемите во летните месеци за водоснабдување на градот се мултиплицираат, односно снемува вода и се створа нервоза кај граѓаните.

Како пратеник од Куманово, мислам дека и г-динот потпретседател на Собранието се придружува кон оваа идеја, па во тој правец е и мојава дискусија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави Аслан Селмани.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Сметам дека амандманот е на место, затоа што навистина просторот на Општина Куманово со локалните самоуправи се наоѓа во една тешка состојба со водоснабдување.

Само да Ви кажам еден проблем кој навистина е драстичен, па дури и трагичен. Селото Липково кое има две езера, 30 години бара квалитетна вода за пиење и се уште, од сите поранешни Влади, па и сегашната и претходната не беше во состојба да даде дури и потврда односно услови за изградба на водовод во село Липково.

Од тие причини сметам дека амандманот треба да се прифати и ваквите конкретни акции навистина треба да започнат. Затоа што подрачјето на општина Липково 50 години е искористувано од страна на државата, а ни еден денар не е

инвестиран во тој простор.

Затоа амандманот го прифаќам.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Остануваме за одбивање на овој амандман, од едноставна причина што како да се тргнува по еден пат, кој што значи опасност да нарушиме некои процедури пропишани за извршување на Буџетот.

Овие средства, оваа ставка, точно е дека не се работи за некоја пренамена или префрлување од еден буџетски корисник на друг, туку се работи за издвојување на еден дел од веќе предвидената ставка во Министерството за урбанизам. Ако тргнеме по овој начин тоа значи однапред Собранието да лоцира за кои објекти се наменети средствата. Никој не спори потреба и се, но процедурата е надлежното министерство, Министерството за урбанизам со своја одлука, веројатно врз основа на воспоставени принципи прави приоритет на изведување на вакви објекти.

Од тие причини тие 200 милиони што се предвидени во Буџетот во ресорот на урбанизам, урбанизам е тоа по директно министерство, односно орган кој што треба да направи приоритет на финансирање на овие објекти. Од тука и евентуалното барање треба да се упати до Министерството за урбанизам.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Сметам дека нема никакво нарушување или воведување на некои нови принципи во оформување на Буџетот. Има нарушување ако од некоја ставка се семе, па се дава на друга ставка и тогаш доаѓа до нарушување на сите планирања што ги има некој министер во некое министерство.

Дека ова не е точно сакам да искажам дека и во првиот состав на Собранието и во стариот состав, во кој бев член имаше исти вакви амандмани и тогаш се усвои амандманот за водовод Лисиче, за градот Велес. Потполно на ист начин.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Бидејќи друг не бара збор, колеги пратеници дозволете ми не вообичаено да се јавува оној кој раководи со седницата, меѓутоа и јас сакам да упатам до Вас еден повик не да го прифатите амандманот на Благоја подржан од Чедо и Селмани, и сега од мене, туку да ја подржите потребата на граѓаните од Куманово.

Со оглед дека друг не се јавува збор го заклучувам претресот по амандманот и истиот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Од вкупно присутни 83 пратеника, гласале 67, од кои за амандманот 18, воздржани 2 и 4 7 против.

И овој амандман не ја доби потребната поддршка.

Отварам претрес по амандманот на член 3 раздел 18010 ставка 441 потставка 441104, потставка 441120, потставка 441139, потставка 441147, потставка 441155 и потставка 144163, раздел 4002 ставка 468 потставка 468096, раздел 9002 ставка 427 потставка 427128 и потставка 471046, раздел 6001 ставка 468 потставка 468096, раздел 19201 ставка 468 потставка 468010 и раздел 22001 ставка 426 потставка 426059, поднесени од Комисијата за култура.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Молам, кој бара збор.

Има збор г-динот Стојан Попов.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

И оваа година Комисијата за култура остана доследна на своето мислење и на својот став од минатата година, околу неповолниот општествен статус и материјален статус во областа на културата. Ние практично останавме на истиот предлог на амандманот со кој што одевме и минатата година, затоа што мислиме дека навистина е парадоксална ситуацијата, да ако веќе во Законот за култура културата ја дефинираме како темелна вредност на Република Македонија, а од друга страна не даваме поддршка за нејзин развој и просперитет, мислам дека е навистина една ситуација на хипокризија ако не се подржуваат таквите предлози. Меѓутоа сакам да напоменам и една друга работа.

Оваа година ние бевме соочени со фактот дека немавме можност навистина да разговараме и со претставниците на Владата, затоа што во моментите на разгледување на Буџетот веќе беше постапката за промена на владиниот состав н на самата Влада така да не можевме да ги чуеме образложенијата и реалните состојби во доменот на финансии, во која мера може да се одговори на нашите барања.

Затоа останавме на овој предлог, меѓутоа после тоа во одредени разговори со новиот состав на Владата и со новиот министер за култура, новиот министер за финансии и т.н., мислам дека ќе изнајдеме едно решение кое што до крај не ги задоволува потребите, меѓутоа ќе го задржи позитивниот раст во доменот на финансирањето на културата во програмскиот дел, значи во оној нај суштински дел на културата што ги одразува

виталните интереси.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави г-ѓица Валентина Божиновска.

**ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА:**

Сакам само да го надополнам г-динот Попов, дека оној амандман кој ние го подготвивме на Комисијата за култура е повлечен.

Според тоа Владата кажа дека нема да одговори на тој амандман, меѓутоа направивме нов амандман, кој ќе го разгледаме подоцна и јас се надевам дека Владата ќе има позитивен одговор.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Јас мислам дека дадов детално образложени. Амандманот формално не е повлечен, затоа што остануваме принципиелно на ставот што го имаме, меѓутоа во меѓувреме направивме разговори и мислам дека во сообразност со реалните можности на Републичкиот Буџет ќе се сообразиме и ќе одиме со вториот амандман. Така да овој амандман формално не е повлечен.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Овој амандман постои и по него ние мора да се произнесеме.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и истиот го ставам на гласање.

Од вкупно присутни 83 пратеници, гласале 49, од кои 7 за, воздржани 2 и 40 против.

Констатирам дека амандманот не го доби потребното мнозинство и не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 1901 ставка 441 потставка 441031 и раздел 4002 ставка 463 и потставка 463019, поднесен од Комисијата за здравство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави г-динот Никола Јованов.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

На Комисијата за здравство разгледувајќи го Буџетот констатирано е дека, средствата т.е. должноста на државата, обврската на државата према Министерството за здравство во доменот на превентивната здравствена заштита, не се извршува адекватно како што е зацртано, бидејќи постои би рекол, една опасна тенденција на намалување на овие средства навистина во висина за сосема мали ставки, меѓутоа сепак е тренд на намалување.

Комисијата за здравство, навистина едногласно од сите членови кои влегуваат во нејзиниот состав, се сложија дека ваквиот тренд треба да биде прекинат и дека треба да се направи една тенденција на зголемување на овие средства во превентивната здравствена заштита, како средствата кои недостасуваат во превентивната здравствена заштита, не би биле надокнадувани од Фондот за здравствена заштита, со што директно се штетат осигурениците на овој фонд.

Затоа, е предложен овој амандман и посочено е средствата да се земат од ставката која е резервирана за мебел и опрема на органите на управата.

Апелирам до сите пратеници, мислам дека сите ние можеме да си дозволиме, да имаме помалку мебел и Владата и ние како Собрание, а да обезбедиме малку повеќе средства за примената за здравствена заштита, која е интерес на граѓаните на Република Македонија.

Затоа, апелирам до пратениците да го изгласаат овој амандман. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор?

За збор се јави Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас сметам дека на бремените лица потребно им е поголемо внимание во нашето општество. Бремените лица заслужуваат поголемо внимание, нега, а и посвета во нашето општество.

Конечно, преку природната регенерација и општеството може да продолжи да постои.

Сметам дека овој амандман е на место.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор има Љупчо Ристовски.

**ЉУПЧО РИСТОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги и пратеници.

Комисијата за здравство без дилеми се одлучи да интервенира амандмански во распределбата на Буџетот. Нашето внимание на Комисијата, пред се, беше насочено кон тоа дел од средствата од Буџетот да се насочат кон две основни појдовни точки. А, тоа се, пред се лекувањето на зависниците од наркотици и да се обезбедат преку средствата од Буџетот мерки, односно превентивни прегледи и методи, со кои што може да се детектира во рана фаза канцерот на женските генитални органи, пред се, на

грлото од матката и дојка, а исто така други органи, кои што се подложни на вакви методи.

Имено, во самиот раздел од Буџетот се предвидуваат за цитостатици да се обезбедат некаде 75 милиони денари, како средства за надополнување на овие лекови, меѓутоа тие не задоволуваат ниту една петина од потребите, а тоа е резултат на една слаба работа во превентивата и раното откривање на овие малигни заболувања, со тоа што државата се изложува на огромен трошок.

Јас верувам, доколку се обезбеди еден поцелисходен распоред на овие средства и се обезбеди превентива дека ќе падне бројот на заболените во доцните стадиуми, каде што се трошат огромни средства. Со тоа во Буџетот ќе обезбедиме заштеда на средства за цитостатици и други терапевтски дијагностички процедури, а ќе овозможиме, пред се, она најважното, рано откривање на вакви заболувања и спасување на голем број на животи. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор?

За збор се јави Ристо Спанаков.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Апелирам до сите пратеници да го подржат овој амандман, затоа што мислам дека е крајно време нашата администрација малку да се откаже од услугите и од комодитетот, во интерес на здравјето на граѓаните. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно 84 присутни, гласале 71 пратеник, 52 пратеници гласаа за, 15 пратеници гласаа против, воздржани се 4 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот по член 3 раздел 1901, ставка 441 потставка 440031 и раздел 4002 ставка 463 потставка 463019, поднесен од Комисијата за здравство.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 19001 ставка 441 потставка 441384 и раздел 4002 ставка 468 потставка 468096, поднесен од Комисијата за здравство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е составен дел на текстот на Буџетот.

Отворам претрес по амандман на раздел 3, односно на член 3 раздел 31101 ставка 464 потставка 464090 и на раздел 4002 ставка 463 потставка 463019, поднесен од пратеникот Александар Талевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

И овој амандман Владата го прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Со оглед на тоа што Владата го прифати, констатирам дека амандманот е составен дел на текстот на Буџетот.

Отворам претрес по амандман на член 3 раздел 4002 ставка 463 потставка 463099 и раздел 17001 ставка 461 потставка 441252, поднесен од пратеникот Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Во Буџетот се работи за исти дејности во Министерството за урбанизам и во Министерството за животна средина. Апсолутно за исти реченици, за исти проекти и т.н. Доколку тие проекти биле ангажирани порано во Министерството за урбанизам, тогаш би требало и би било логично да се префрлат во Министерството за животна средина, затоа што животна средина не можат да бидат тие проблеми да бидат решени во министерствата што загадуваат.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Со оглед на тоа дека никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Од вкупно 84 присутни, 66 пратеници гласале, 26 пратеници гласале за, 1 пратеник е воздржан, 38 пратеници гласаа против.

Констатирам дека амандманот не го доби потребното мнозинство.

Поминуваме на амандман поднесен од пратеникот Насер Зибери, кој го повлекол, а воедно веднаш поднесува друг и да не го

нарушиме редот на решаваше, јас би го повикал претставникот на Владата да се произнесе по поднесениот нов текст на амандман и по него Собранието да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман, бидејќи осетно, значително отстапува од претходниот амандман, поднесен од пратеникот Зибери.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави Насер Зибери како подносител на амандманот.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Не се работи за значителна измена на содржината на амандманот, се работи за грешка каде е испуштена една нула.

Инаку, за да бидат упатени пратениците за што се работи, станува збор за финансирање на работата на политичките партии, кои се претставени во Собранието на Република Македонија.

Владата, односно Собранието се должни согласно Законот за политички партии да обезбедува средства за финансирање на работата на политичките партии. Сметам дека е непримерно политичките партии во Македонија да не добиваат никакви финансиски средства за нивната работа и нивното функционирање. Тука го имам предвид фактот кој може да ми се изнесе како контра аргумент, алиментирањето на средствата за трошоците за избори, но тоа е сосема друга работа. Тоа се пари кои се предвидуваат за покривање на трошоците за водење на кампања и целиот изборен процес.

Оттука, тие средства дури не ги покриваат трошоците што политичките партии ги имаат при чинот на водење на кампања односно водење на изборите, било тоа да се парламентарни, локални или претседателски избори. Најсвеж ни беше примерот сега со претседателските избори.

Сметам дека би бил позитивен исходот од издвојување на овој извор на средства, кој не е голем ќе признаете се работи за вкупно 2 милиони германски марки. А само за Министерството за одбрана во последен момент Владата се согласи да издвои дури 20 милиони германски марки. Ќе признаете дека таа Влада и ова Собрание го сочинуваат токму политички партии. Да не дозволиме да ги ставиме во незавидна положба, позиција политичките партии да немаат можност да ги покриваат основните трошоци за просторно сместување, телефон и други минимални услови за нивна работа, а да не зборувам и за исплата за лични доходи на вработените во администрациите на политичките партии.

Во спротивно, ќе имаме ситуација кога политичките партии ќе бидат принудени да бараат излезни решенија, односно начини на финансирање на поинаков начин, на нелегален начин. А, сето тоа, ќе признаете дека не е добро и може да има далекусежни последици и консеквенции, по однос на управувањето на Владата, односно државата во целина.

Оттука, сметам дека е неопходно Владата да издвои одреден износ на средства. Сметам дека ова е минимален износ од 2 милиони германски марки. Но, за годинава и тоа би било еден старт да се обезбеди барем минимумот на дејствување на политичките партии. Во спротивно, ќе оставиме простор, повторувам, за разни манипулации, шпекулации како се финансираат политичките партии, како ги имаат разрешено проблемите и т.н. Тоа е во интерес на сите политички партии и сметам дека треба да се поддржи.

Само уште едно прашање, доколку Владата не е спремна да издвои средства за финансирање на политичките партии, како мисли да го реши овој проблем и што претставуваат во тој случај политичките партии.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави господинот Илија.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата.

Сметам дека овој амандман не треба да се прифати, затоа што партиите се слободни здруженија, каде што членуваат граѓани. И, секоја партија за да се регистрира, треба да покаже дека во неа има одреден број на членство и тие треба да се финансираат исклучиво од членарината на партиите.

Инаку, секој би регистрирал партија и би барал пари од Буџетот. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор?

За збор се јави Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Мислам дека предлагачот на амандманот даде доволно образложение за да се прифати овој амандман, но никако не можам да се сложам со претходниот колега, кој тоа го образложи за наводно дека политичките партии секој би формирал политичка партија ако би се финансирале.

Мислам дека треба да ни биде секому јасно дека, Република Македонија се уште не

и достасува простор за политичко делување на партии, кои што се ете, сега случајно не се во Парламент, дури не се ни на власт, а сепак имаат идеи, што немаат можности како да дојдат до израз. Така, Владата и Парламентот, ако не друго, барем за личното опстојување, треба да водат сметка и за богатството на плуралното размислување во Република Македонија. Инаку, во спротивно, како што е случај кај нас во многу земји, ќе стануваме робови на разните донатори, кои за многу малку пари ќе купуваат или ќе влијаат директно во политичките одлуки во Република Македонија, кои некогаш дури можат да можат да бидат и спротивно на општите интереси на граѓаните и на целата Република Македонија.

Една ваква можност Владата, односно Собранието да донесе одлука тие да се финансираат преку Буџетот, остава можност за слободно делување на политичките партии, збогатување на плуралниот амбиент во Република Македонија и јас мислам дека тоа треба да се прифати. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор има господин Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Темата заслужува внимание. Јас сметам дека начинот преку амандманско решавање нема да биде продуктивен.

Политичките партии имаат место во системот и не е спорно дека тие анимираат и огромни средства, далеку поголеми од она што инаку би било доделено, ако воопшто тоа се прави преку Буџетот.

Јас мислам дека тука и законодавството е повикано најнапред да се среди прашањето на политичките партии, нивното работење, финансирањето, отчетот, а потоа можеме да мислиме и делење на државни пари да бидат дадени.

Вака, како прв чекор да биде делење пари од Буџетот, јас не се согласувам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам. Збор има Марика Јорданова.

**МАРИКА ЈОРДАНОВА:**

Сакам да земам збор, затоа што навистина како што рече и претходниот говорник овој амандман заслужува внимание.

Меѓутоа, мојата дискусија е во принципиелна смисла и законодавен аспект кон овој амандман, од фактот што во една демократска држава, како што е нашата, граѓаните имаат право да формираат и политички и невладини организации, како и владини. Меѓутоа, по нивните статути не е обврзана државата да ги финансира тие организации, без оглед дали станува збор за владини или невладини. Односно, истите организации се финансираат односно се самофинансираат со членарината од своето членство. Со тоа се покажува и ажурноста на нивното постоење и нивното функционирање.

Во спротивност државата нема обврска ниту овој законодавен дом да носи амандмани, врз основа на кои ќе стимулира или ќе дестимулира некои било владини, било невладини организации.

Од тој аспект амандманот е не прифатлив.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКА:**

И благодарам на госпоѓа Марика.

Збор има Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Апелирам да не се дискутира, во смисла на тоа дека објективно треба материјата добро да се познава, за да се каже тоа што е.

По мое мислење, се работи за многу важен сегмент на развој на демократијата и плурализмот во нашата држава, а тоа не е возможно без поддршка за основните работи и дејности, кои се неопходни за да функционираат политичките партии.

Ние имаме еден закон, кој се уште е во сила и за чудо, тој закон никогаш до сега не е почитуван. Тој уредува такви односи, односно стапката од Буџетот која ќе се одреди за финансирање на политичките партии, 30% добиваат политички партии кои се запишани и се евидентираат како такви, а се 70%, тие средства од Буџетот ги добиваат, како резултат на последните избори. Не се наведува дали се работи за локални или парламентарни избори.

Јас мислам дека е тоа решение, кое е прифатено по доминантниот дел на државите, кои се во транзиција, а готово, во сите држави, кои имаат развиена демократија.

Апелирам овој амандман да се прифати.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Јас уште кога го поднесов амандманот, бев свесен дека ќе предизвика расправа, но навистина не очекував негативен одглас од одредени пратеници.

Прво, амандманот се поднесува од принципиелни причини и доколку сте го прочитале, таму се вели дека распределбата ќе ја врши Министерството за финансии, согласно Законот за политички партии, односно за партиите застапени во Собранието, согласно Законот и тој сооднос би требало да се запази. Тоа е едно.

Второ, јас сум длабоко убеден, дека ваквото решение е во интерес на државата, Република Македонија, е во интерес на граѓаните на РМ, да се знае легалниот начин

на финансирање на политичките партии.

Ќе ви го наведам само последниот пример кој се претвора во еден невиден скандал во Германија, за тајните сметки на финансирање на политичката партија на поранешниот премиер г-динот Хелмут Кол. Зарем навистина, има граѓанин, или пратеник во РМ, што мисли дека сметките на политичките партии во РМ, не зборувам за легалните, преку платен промет, се чисти и дека се такви. Зарем можете да замислите дека една политичка партија, како што е ВМРО, СДСМ, ПДП, или било која, може да опстојува, без никакви примања, односно без извори на финансирање од страна на државата и дека сме наивни и веруваме дека опстојува исклучиво од средствата што ги прибираат од партиската членарина. Ве прашувам дали некој навистина, во некои од политичките партии плаќа таква членарина и таа е доволна за да опстојуваат. Тоа е едно.

Второ, јас се согласувам со ставот што беше изнесен, од страна на г-динот Бошков, дека ова прашање бара по сериозен пристап и по сеопфатен, за да се разрешат навистина и другите проблеми и димензии на прашањето. Како што е на пример, како е решено просторното прашање на политичките партии. Зарем може и понатаму да продолжуваме со ваков начин на решавање на овие проблеми.

Со кое право, некои политички партии денеска комотно се сместени во згради и објекти на јавни претпријатија, објекти кои ги наследија од претходниот систем и други начини, кои како се снашол, а други политички партии по 10 години од нивното формирање, понатаму да бараат начини и решенија, како што знаат и како можат.

Сметам дека во интерес, пред се на државата е да има контрола во начинот на финансирање на политичките партии и да не дозволиме нивниот начин на финансирање да биде нелегален, да биде со димензии на криминално однесување и тоа да ја доведе во прашање стабилноста и политичката ориентација на една политичка партија. Инаку, смешна е констатацијата дека политичките партии биле слободни здруженија и согласно тоа, државата немала обврска да ги финансира.

Ве молам, политичките партии ја водат државата. Чии претставници сме овде ние, чии претставници се премиерот и министрите, кои ја водат Владата на РМ. Смешни се тие работи.

Ние сме единствената земја, која го има решено просторното прашање на политичките партии и која предвидува легален начин на финансирање на политичките партии.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, мислам дека финансирањето на политичките партии, поготово при постапката за носење на Буџетот, апсолутно нема да ги решиме проблемите, со кои се среќаваат политичките партии во текот на својата работа.

Постои Закон за политички партии и би требало решенијата и изворите на финансирање, прво да се согледаат во глобалното, законско решение, а понатаму, преку статутите на сите регистрирани и соодветни политички партии, кои што дејствуваат на ниво на РМ.

Апсолутно, уште во старт не се согласувам дека било кои партии, без оглед на нивната големина, а со самото тоа што се застапени во Парламентот или пак имаат можност да бидат во парламентарното мнозинство, треба да има шпекулации, со цел за да можат успешно да работат, во текот на нивното егзистирање, покрај тоа што беше спомнат примерот на партијата на г-динот Кол.

Постои, во Статутот на секоја партија, а адекватно на тоа и на ВМРО-ДПМНЕ, дека спонзорствата и донациите се исто така составен дел на финансирањето.

Меѓутоа, да не должам, бидејќи не претставува предмет на расправа на овој Парламент, работата на политичките партии, туку амандман за нивно финансирање, сметам дека дури, да се изгласа таков амандман, тоа би било палијативно, не комплетно решение, дека тоа треба да се регулира во Законот за политички партии.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Проблемот што се покренува со овој амандман, е сериозен и јас се залагам за оној дел од дискусиите кои што кажаа дека овој амандман и проблемот заслужува внимание.

А другиот дел од дискусиите, кој вели дека политичките партии се финансираат од членарината, мислам дека е демагошки и да не се залажуваме.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, мислам дека премногу се одалечуваме од работите и според сите овие говори, што ги изнесоа пратениците, чинам дека мислат дека Македонија е оаза на богаштина и оаза каде тече се како мед и млеко. Треба да се спуштиме од небото на земјата и да видиме колку има нерешени прашања и проблеми во оваа држава.

Мислам дека не сме дојдени до тој стадиум, за да можеме на ваков начин да ги решаваме работите. Стојат тие говори, тие

размислувања, меѓутоа да не тргнуваме што ни треба во земјоделието, што ни треба во стопанството и во другите гранки и сегменти на државата.

Треба да бидеме свесни дека оваа држава, нема такви квалитетни средства за да ги задоволи сите наши немаштини. Затоа треба навистина, да се сведе во границите на можностите.

Апсолутно не треба да се прифати овој амандман.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Тука не е во прашање да се согласат аргументите, про и контра, меѓутоа работата е сосема јасна. Ова прашање е многу децидивно уредено со закон.

Значи, ако гледаме правно, односно од правна гледна точка, ако една партија ја тужи државата на суд, од причини што 7 години не се почитувал Законот за политички партии во одделот за финансирање, што ќе биде?

Затоа, сум убеден дека тука дури не треба ни да се гласа, туку Владата требаше по автоматизам да предвиди стапки на финансирање на политички партии, врз основа на почитување на Законот за политички партии.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 74 пратеници, 20 “за", 3 “воздржани" и 51 пратеник "против".

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 9002 ставка 471 потставка 471046 и раздел 9002 ставка 471, за додавање на нова потставка 471047 по потставката 471046, поднесени од пратеникот Илија Илоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Јас имам поднесено два амандмана, не ве следев добро за кој амандман се однесува.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За Мешеишта.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Јас не очекував овој амандман Владата да го прифати, бидејќи имаше едно такво образложение, за претходно поднесениот амандман од сличен тип, од пратеникот Благоја Стојковски.

Меѓутоа, би сакал да дадам едно пошироко образложение, од она што е напишано во писмениот текст на поднесениот амандман.

Проектот за изградба на надвозник на патот Охрид - Скопје кај селото Мешеишта е од одамна заговаран, од проста причина, што статистиката покажува дека скоро на тој потег, тој пат станува црна точка по бројот на сообраќајни несреќи со смртни случаи. Навистина, не ми е јасно, зошто априори Владата ги одбива сите амандмани, поднесени од страна на пратениците на опозицијата, ако добро се знае дека таму не гинат луѓе ниту од една, ниту од друга партија, туку гинат луѓе.

Јас за оваа работа, имав поднесено пратеничко прашање, за кое добив одговор од Министерството сообраќај и врски и од Министерството за урбанизам и градежништво, дека проектот веќе е изграден и дека веднаш треба да се пристапи кон изградба на овој надвозник на магистралниот пат Охрид - Скопје.

Од тие причини би ги молел колегите пратеници да го поддржат ова мое барање, денеска да ги одобриме овие средства наменски, за изградба на тој надвозник, бидејќи не се работи за локален проблем, за некој инфраструктурен проблем на изборна единица од каде јас доаѓам, туку напротив, се работи за решавање на еден клучен проект, на магистрален пат кој фактички, ја поврзува цела Македонија.

Мислам дека ќе бидам поддржан од пратениците и би молел овој амандман денеска да се изгласа.

**РУБЕНС НАУМОВСКИ:**

Сакам да го поддржам овој амандман на господинот Илоски, бидејќи и јас живеам во тој крај во близина на спомнатото место и го потврдувам, сето тоа што беше кажано за суштествената потреба за изградба на тој надвозник, заради тоа што, тоа место е место каде се случуваат често сообраќајни несреќи, со смртни последици.

Не можам статистички да кажам колкав е бројот на повредени, или што ги изгубиле животите на тоа место. Без разлика на она што било порано планирано, или веќе е проектирано, мислам дека во оваа прилика, потребна ни е поддршката на другите

пратеници да помине овој амандман и конечно тој проблем да се реши.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не се јавува за збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Господа пратеници, ве молам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, 16 "за", 2 "воздржани" и 51 "против".

Констатирам дека амандманот не го донесовте во потребното мнозинство.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 12101 ставка 426 потставка 426032 и раздел 12101 ставката 467 потставка 467197, поднесен од пратеникот Аслан Селмани.

Молам претставникот да се произнесе по амандманот.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (Никој).

Ве молам да гласаме.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Вкупно гласале 63 пратеници, 10 "за", воздржани нема и 53 "против".

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 12001 ставка 426 потставка 246024, потставка 426032, и раздел 12101 ставка 426 потставка 426024 и потставка 426032, поднесен од пратеникот Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТАОМИСАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласаше.

Молам да гласаме.

Вкупно присутни се 65 пратеници, 14 гласале "за", 1 воздржан, 50 "против".

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Се сомневам во гласањето и барам поединечно гласање.

Имам поддршка од 10 пратеници.

**КАРОЛИНА ОГЊАНОВИЌ - ЧУКАЛИЕВА:**

(Секретарот ги прозива пратениците според списокот на пратениците во Собранието).

(Прилог).

**С П И С О К**

на пратеници во Собранието на Република Македонија, според азбучен ред на презимиња

1. ЈОНУЗ АБДУЛАИ - отсутен
2. АБДУРАХМАН АЛИТИ - отсутен
3. АБДУЛА АЛИУ - за
4. МИЛОЈКО АНГЕЛОВСКИ - отсутен
5. СТОЈАН АНДОВ - отсутен
6. КИРИЛ АНДОНОВСКИ - отсутен
7. ЉУПЧО АНУШЕВ - отсутен
8. АМДИ БАЈРАМ - отсутен
9. ФАДИЛ БАЈРАМИ - отсутен
10. ДИМИТАР БАТКОСКИ - отсутен
11. МЕРСЕЛ БИЉАЛИ - отсутен
12. ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА - против
13. ЈОРДАН БОШКОВ - против
14. ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ - отсутен
15. АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ - отсутен
16. СЛОБОДАН ГАРЧЕСКИ - не е тука
17. ВАСИЛ ГАЏОВСКИ - против
18. МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ - против
19. ТРАЈКО ГЕШОСКИ - против
20. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ - за
21. ДАНИЛО ГЛИГОРОСКИ - отсутен
22. ПЕТАР ГОШЕВ - отсутен
23. СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ - против
24. ЗАМИР ДИКА - отсутен
25. ВАНЧО ЃОРГИЕВ - отсутен
26. ИЛИЈА ЃОРЃИЕВ - отсутен
27. ФАТМИР ЕТЕМИ - отсутен
28. ВАСИЛ ЕФТИМОВ - против
29. НАСЕР ЗИБЕРИ - отсутен
30. ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО - отсутен
31. МИРКО ИВАНОВ - воздржан
32. ИЛИЈА ИЛОСКИ - за
33. НИКОЛА ЈОВАНОВ - против
34. ВЕСНА ЈОВАНОВСКА - против
35. МАРИКА ЈОРДАНОВА - отсутен
36. НАЗМИ КАДРИУ - против
37. РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ - против
38. ЖАРКО КАРАЏОСКИ - против
39. МИТКО КИРОВ - против
40. ЛАЗАР КИТАНОСКИ - отсутен

41. САВО КЛИМОВСКИ - отсутен
42. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ - за
43. ЃОРЃИ КОТЕВСКИ - против
44. ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ - против
45. ИЛИЈА ЛАЗАРОВ - против
46. ГОРАНЧО ЛАЗОВ - отсутен
47. АЛИРИЗА ЛОГА - против
48. БИЛАЛ ЉУТФИИ - отсутен
49. ВАСЕ МАНЧЕВ - против
50. НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ - ДИМОВА - воздржана
51. ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА - против
52. ДИСПИНА МАРКОВСКА - против
53. ЗВОНКО МИРЧЕС - против
54. ДРАГАН МИТЕВСКИ - отсутен
55. ИЛИНКА МИТРЕВА - отсутна
56. КИРИЛ НАСТЕСКИ - за
57. РУБЕНС НАУМОВСКИ - против
58. ГОРАН НЕВЕНОВСКИ - отсутен
59. ЛАТИФ ПАЈКОСКИ - отсутен
60. АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ - против
61. ВАНЧО ПАНЧЕВ - против
63. ИЛИЈА ПЕМОВ - против
64. ТИТО ПЕТКОВСКИ - отсутен
65. ЧЕДО ПЕТРОВ - отсутен
66. ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ - отсутен
67. ФИЛИП ПЕТРОВСКИ - против
68. АЗИС ПОЛОЖАНИ - отсутен
69. СТОЈАН ПОПОВ - против
70. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ - за
71. НИКОЛА ПОПОВСКИ - отсутен
72. ИЛИЈА ПРАНГОСКИ - отсутен
73. ИСМЕТ РАМАДАНИ - за
74. ЉУПЧЕ РИСТЕСКИ - против
75. НЕНАД РИСТОВСКИ - отсутен
76. НАНО РУЖИН - отсутен
77. ИЛЈАС САБРИУ - за
78. АЦЕ САЈКОСКИ - против
79. АСЛАН СЕЛМАНИ - за
80. БОРЧЕ СИБИНОВСКИ - против
81. ВАНГЕЛ СИМЕВ - отсутен
82. РИСТО СПАНАКОВ - воздржан
83. КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ - против
84. ЃОРЃИ СПАСОВ - отсутен
85. МИЛАН СТАВРЕВ - против
86. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ - отсутен
87. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ - против
88. ВОИСЛАВ СТОЈАНОСКИ - против
89. БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ - за
90. ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ - против
91. ВЛАДО СУГАРЕВСКИ - против
92. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ - отсутен
93. РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ - отсутен
94. МУХАМЕД ТАИРИ - отсутен
95. АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ - против
96. МЕВЉАН ТАХИРИ - воздржан
97. МИТКО ТИЛЕВСКИ - против
98. ЃОРЃИ ТОДОРОВ - отсутен
99. РИСТО ТОДОРОВ - за
100. ПАВЛЕ ТОДОРОВСКИ - против
101. ПАНДЕ ТОМОВ - против
102. КОЦЕ ТРАЈАНОСКИ - против
103. ГОРАНЧО ТРАЈКОВ - против
104. ТАНАС ТРАЈКОВСКИ - отсутен
105. АЛЕКСАНДАР ТРПЕВСКИ - против
106. БОРИСЛАВ ТРПОВСКИ - отсутен
107. СЛОБОДАН ЌОСЕВ - против
108. ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ - отсутен
109. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ - против
110. ИЛЈАЗ ХАЛИМИ - против
111. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ - отсутен
112. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ - за
113. КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА - отсутен
114. БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ - отсутен
115. МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ - отсутен
116. ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ - отсутен
117. АРБЕН ЏАФЕРИ - отсутен
118. ХИСНИ ШАЌИРИ - за
119. АЛИЈА ШАХИЌ - воздржан
120. РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА - за

Во меѓувреме дојдоа Замир Дика кој гласаше "против", Мерсел Биљали "за", Марика Јорданова "против", Слободан Гарчески "против", Билал Љутфии "против", Фадил Бајрами "против" и Ненад Ристовски "против".

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Вкупно гласале 71 пратеник, од кои 16 "за", 53 "против" и 4 "воздржани".

Со тоа им се заблагодарувам на колегите кои мислеа дека многу време одзедоа.

Продолжуваме со работа.

За збор се јави г. Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас сакам само да го искажам моето гледиште дека процедурата е нарушена со тоа што се бараше поединечно изјаснување, поткрепено од конкретни 10 пратеника, а истите не се присутни, или дел од истите не се присутни во салата. За мене ова поединечно гласање не постоеше, според тоа, сметам дека е потребно да биде бришано од стенографските белешки.

Од морален аспект, исто така е сомнително да се бара поединечно изјаснување, а потоа да се напушти салата. Дополнителна тешкотија и во поранешните години, можеби и понатаму е што можеби откако ќе се објави поединечно гласање, и понатаму влегуваат пратеници, сомнежот е изразен затоа како гласале присутните во салата. Ова изјаснување за мене велам е непостојно и барам да биде бришано од стенографските белешки.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г. Бошков, јас ве разбирам, меѓутоа тоа се спроведе и сега благодарност на понудите кои навистина дадоа поддршка, па веднаш сметајќи дека ќе го нарушат мнозинството за присутни, ќе придонесат за тоа.

Чесноста секогаш си го краси човекот, а не целата групација.

Одиме понатаму.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 12001 ставка 472, потставка 472026 и раздел 12001 ставка 472 за додаваше нова потставка 472027, поднесе од пратеникот Илија Илоски.

Претставникот на Владата не се произнел по амандманот.

Да го слушнеме ставот на Владата.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани колеги пратеници, дозволете ми малку поопширно да го образложам мојот амандман.

(Реагирање од повеќе пратеници во салата).

Јас не сум бил отсутен од салата, цело време седам во салата. Гласав дури и поединечно кога се гласаше, така што не може да ме прозивате за отсутност. Навистина е не примерно, носејќи го овој круцијален акт од економската сфера денес да немаме претставник министер овде во салата и претставниците на позицијата кои се должни да го изгласаат овој акт постојано да се повикуваат од ходниците или од бифето да бидат присутни во салата.

Инаку, сите знаете дека утринава откако почна седницата јас сум присутен во салата. Дури и на претходното гласање за кое бевме прозивани јас гласав така како што гласав, може да проверите таму во стенографските белешки.

Би сакал да кажам дека се работи за круцијално инфраструктурно прашање во неколку села во охридската општина, а тоа се: Пештани, Велгошти, Лескоец и Мешеишта за изградба на секундарната канализација и ова не е прашање чисто од некој тесен локален интерес, бидејќи сите овие населени места гравитираат околу Охридското Езеро кое е заштитено од УНЕСКО и мислам дека треба да дадеме согласност на овој амандман за изградба на тие секундарни мрежи, бидејќи и минатата година при усвојување на минатогодишниот Буџет се напрегавме тоа да го постигнеме, годинава постигнавме ставката за водоводи драстично да се зголеми што е за поздравување од страна на предлагачот на Буџетот и мислам дека нема никакви проблеми износот од 30 милиони денари да се издвои за четири населени места, бидејќи со овој потег би се постигнало такво ниво на заштита на Охридското Езеро, што сите отпадни и фекални води би се влеале во колекторскиот систем.

Инаку, големи пари досега се потрошени за колекторскиот систем, а повторно овие села кои гравитираат околу Охридското Езеро, се едни од поголемите загадувачи. Минатата 1998 година се отпочна со изградба на таа секундарна мрежа во селото Пештани, кое е лоцирано непосредно на крајбрежието, меѓутоа поради немање финансиски средства од страна на општината овие зафати се сопрени и мислам дека треба денес без двоумење да се одлучиме овој амандман да помине, бидејќи не се бара ни пренамена на средствата, туку се земаат од матичното Министерство од градежништво и урбанизам и таму има доволно пари една ваква работа да се заврши.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

Вкупно гласале 68 пратеници, од кои 12 пратеници "за", 3 пратеници "воздржани" и 53 пратеници "против".

Констатирам дека не доби потполно мнозинство.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 13001 ставка 401 потставка 401013, потставка 401021, ставка 402 подставка 402010, потставка 402028, ставка 420 подставка 420018, подставка 420050, потставка 420069, подставка 420077, подставка 420085, ставка 421 потставка 421014, потставка 421022, потставка 421030, ставка 423 потставка, 423017, потставка 423025, потставка 423033, потставка 423050, потставка 423092, потставка 423190, ставка 424 потставка 424013, потставка 424021, потставка 424030, 424048, 424064 424099,

ставка 425 потставка 425044, ставка 426 потставка 426130, 426148, потставка 426210, ставка 247 подставка 247063, раздел 9 илјади 02, ставка 427 потставка 427195, поднесени од пратениците Радомир Карангелески и Ристо Спанаков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТОМИСЛАМ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг сака збор? (Не).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме. (По гласањето).

Вкупно гласови 66 пратеници, од кои 18 пратеници гласале "за", 3 пратеници "воздржани" и 45 пратеници "против".

Констатирам дека амандманот не го доби потребното мнозинство.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел, раздел 14001, ставка 471 потставка 471054, раздел 14002 ставка 420 потставка 420026, потставка 420034, 420050, 420069, 420077, поднесени од пратеникот Ѓорѓи Котевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот е составен дел на Буџетот.

Отворам претрес по амандманот на член 3, раздел 16001 ставка 471, потставка 471062, раздел 9002 потставка 471046 и на раздел 4002 потставка 463019 и потставка 468096, поднесени од пратениците Илијаз Сабриу и Абдула Алиу.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандманот.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот Илјаз Сабриу.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Во врска со амандманот и вчера и завчера по повод мојата дискусија кажав образложение и ова образложение што е дадено во писмена форма по амандманот, останува на тоа и мислам. дека пратениците треба да најдат сили да го прифатат овој амандман и со тоа би почнале со практична реализација на програмските определби на Владата на Република Македонија, за решавање на проблемот на Тетовскиот Универзитет.

Од тие причини го предложивме овој амандман. Износот е тој кој е предложен и мислам дека би бил доволен за почетни подготвителни работи, околу институционализацијата на овој Универзитет.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Со оглед дека друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме. (По гласањето).

Вкупно гласале 75 пратеници, од кои 20 пратеници гласале "за", нема воздржани и 55 пратеници гласале "против".

Констатирам дека амандманот не го доби потребното мнозинство.

Отворам претрес по амандманот на член 3, раздел 16030, ставка 401, потставка 401021, потставка 402028, раздел 6001 ставка 468 потставка 468096, раздел 9001 ставка 467 потставка 467103, раздел 4002 ставка 468 потставка 468096 и на раздел 19201 ставка 468 потставка 468010, поднесен од Комисијата за образование и наука.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Алириза Лога.

**АЛИРИЗА ЛОГА:**

Јас и вчера се изјаснив, кога беше општиот претрес по Предлогот на Буџетот, но сепак сакам да се произнесам конкретно за предложениот амандман и да дополнам.

Комисијата за образование и наука двапати заседаваше за оваа проблематика и заклучи амандмански да интервенира, што се однесува до финансирањето на основното и средното образование. Ова го направиме од причина што планираните средства, предвидени за основни плати и наемнини и надоместоци во основното и средното образование, се недоволни за остварување на нормалната функција на образованието во основно и средно образование, затоа што овде не се работи за зголемување на плати и наемнини, туку се работи за бројот на вработените во образованието, кои се вработени, а за нив недостасуваат средства за исплата на плати и наемнини, дури и надоместоци за храна и превоз. Само за илустрација, според податоците добиени од Министерството во раздел 16030, а во потставката 401021, осум пати со Предлогот

на Буџетот се планирани 4 милијарди 671 милион и 927 илјади, додека сегашниот број на вработени изнесува, реални плати за сегашниот број вработени, изнесува 4 милијарди 750 милиони. Разликата е некаде за 78 милиони и 73 илјади денари. Или во другата потставка 402028, исто така недостасуваат средства од 105 милиони.

Господа, се работи за вработени кои не можат да го добијат својот личен загарантиран личен доход, а заради тоа ни се појавуваат дури и блокирања на жиросметка, како што е случајот во кичевскиот крај и доста училишта во последните месеци не добиле плата ниту надоместок за годишни одмори, популарно наречени К-15, поради тоа што тие немале средства да ги исплатат надоместоците за вработените тука. Плус тоа да додадам во образованието бројот на вработените секогаш е варијабилен. Значи, дејноста тука се проширува. Тоа не е фиксиран број на вработените, а тоа е од причини што....

**АЛИРИЗА ЛОГА:** (Продолжение)

Господине претседателе или да се слушаме или ако треба да прекинам со дискусија.

Затоа што во образованието, реков, бројот на вработените не е статичен туку тој секогаш е варијабилен. Плус тоа имаме и една проширена дејност, секоја година имаме нови вработувања. За илустрација можам да го дадам и овој податок. Бројот на учениците, се разбира од наталитетот, па и на учениците кои што се регистрираат во средно и во основно образование уште повеќе од женскиот пол па и албанската националност, дури за 50% е пораснат.

Затоа барам поддршка од сите пратеници овој амандман да го гласаат, затоа што се работи за лични доходи кои се загарантирани со закон, не се бара зголемување на нивните лични доходи, дури и за надоместоците за исхрана.

**АЦЕ САЈКОВСКИ:**

Се придружувам кон поддршка на амандманот на претходниот дискутант, а во интерес на пратениците сакам да го објаснам следното:

Поради причините што Министерството за образование нема доволно средства за подмирување на потребите на платите на хигиеничарите, штрајкуваат вработените во Основното училиште "Полежиновски" во Кичево. До ова немаше да дојде ако претходната Влада уште во текот на 1994 година, не донесеше одлука за минимални примања на хигиеничарите, а за остатокот до просечните примања се подмируваат обврските за социјално здравствено осигурување. Затоа оштетените вработени поднесоа тужба и судот го усвои нивното барање, така што се подмирени обврските, а останатите не можат да ги земат платите. Затоа тие од понеделникот се во штрајк.

За надминување на овој проблем, кој што е сериозен, а за што се потребни многу средства, затоа што не се подмирени за изминатите пет години, предлогот на амандманот може да се прифати за постапно надминување на случајот. За ова уште еднаш да се изјасни претставникот на Владата во однос на амандманот.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Почитувани колеги матичната Комисија за образование и наука на два наврати заедно со претставниците на матичното Министерство за образование, сериозно расправаше за состојбите кои се создадени со недостатокот на средства за исплата на надоместок за вработените во образованието со најмали лични примања.

Се придружувам во целост кон дискусијата на претседателот на Комисијата Алириза Лога и сакам да дадам едно додатно појаснување дека се наоѓаме во ситуација во која имаме двојни ограничувања.

Од една страна, со Законот за плати масата на плати и надоместоци е ограничена, од друга страна образовните институции, како и сите други корисници на буџетските средства се обврзани да ја исплаќаат гарантираната плата на вработените со најниски лични примања. Се создаде недостаток на средства за покривање на надоместоците што предизвика блокада на сметките на повеќе институции во образованието во 1999 година и со оглед на тоа што во Буџетот не се проектирани средства за покривање барем на еден поголем дел од тој недостаток, Комисијата заеднички, со целосна согласност донесе заклучок да излезе со еден ваков амандман.

Затоа се придружувам кон досегашните дискусии и го пренесувам ставот на пратеничката група на СДСМ, дека овој амандман треба да се поддржи и колку толку овој проблем што беше изразен во 1999 година наредната година да се амортизира.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Го поддржувам овој амандман, имајќи предвид дека може понатаму да произведе многу несакани дејствија, ако не се прифати овој амандман, затоа што некои од училиштата штрајкуваат, а треба да знаеме дека во добар дел од училиштата не е решен овој проблем, иако има училишта каде што на товар на другите вработен до минималниот личен доход на вработените во техничкиот персонал. Иако е тоа со години наназад, ќе биде голем проблем ако дојде до тоа да се

дојде и тоа наназад за пет години ќе треба да се исплати, бидејќи Врховниот суд во претходните не се дрзна да донесе таква одлука да бидат исплатени. Меѓутоа во ова време кога ние дојдовме на власт донесе таква одлука, иако не е одредена цената на трудот кај нас не е одредена најниска цена на трудот. Сметам дека треба добро да размислиме, да не доаѓаме до ќор сокак.

Треба овој амандман да се прифати.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Мислам дека доволно експлицитно објаснет ставот во Комисијата за образование и не би имале што да додадеме.

И ние од пратеничката група на ДА го поддржуваме амандманот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Молам да гласаме.

Гласале 78 пратеници.

Амандманот доби поддршка од 70 пратеници, двајца се воздржани и 6 гласаа против.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 18010 ставка 441 потставка 441104, потставка 441120, потставка 441139, потставка 441147, потставка 441155, потставка 441163, раздел 7001 ставка 467 потставка 467030, раздел 12001 ставка 472 потставка 472026 и на раздел 18010 ставка 468 потставка 468010, поднесени од пратениците Стојан Попов и Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е составен дел на текстот на Предлогот на Буџетот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 18010 ставка 441 потставка 441147, раздел 18010, категорија 46, потставка 468010, поднесени од пратениците Азис Положани, Илијаз Сабриу и Оломан Сулејмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор.

**ИЛИЈАЗ САБРИУ:**

Г-дине потпретседателе, мислам дека предложениот амандман во ништо нема да го менува дебалансот на Буџетот, бидејќи се работи за 1 милион денари и ништо повеќе од 32 илјади марки, кои средства предлагаме да се наменат за тоа што Македонија денес може да се гордее со двајца нобеловци со Гонџа Бојаџиу - мајка Тереза и со нобелистот Ферит Мурати.

Пред 90 години Гонџа Бојаџиева се роди во овој град и мислам за подигнување на една спомен соба за нејзиниот живот и дело, ништо нема да се оштети Буџетот на Републиката, ако ги издвоиме тие 30 илјади марки. Тоа е една скромна кола од опремата што ја предлагаме да бидеме прифатени.

Ги молам пратениците да го прифатат овој амандман.

**ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА:**

Апсолутно ве разбирам за овој амандман, меѓутоа практично со претходниот амандман што го поднесовме г-динот Стојан Андов и јас, мислам дека го решивме проблемот. Ставката за Заводот за заштита на споменици е доволно зголемена, така да тоа би се финансирало од Заводот за заштита, од областа на културата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор.

**ИЛИЈАЗ САБРИУ:**

Мислам дека овие средства не ги баравме строго наменски, за подигање на спомен соба за животот и делото на Мајка Тереза.

Доколку од предложениот и прифатен амандман од г-динот Столе Попов и г-ѓицата Божиновска го инкорпорира и овој амандман со еден милион денари да се интервенира и во оваа област, за музејот за културни споменици, јас го прифаќам и тогаш можеме да го повлечеме амандманот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам г-дине Сабриу.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 2201 ставка 401 потставка 402036, за додавање нова потставка 402192 и раздел 12001 став 426 потставка 426016, поднесени од пратениците Радомир Карангелески и Мерсел Биљали.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е составен дел на текстот на Буџетот.

Отворам претрес по амандманот на член раздел 25001 став 401 потставка 401013, потставка 401021, ставка 402

потставка 402010, потставка 402028 и раздел 12001 ставка 472 потставка 472093, поднесен од пратениците Чедо Петров и Алија Шакиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучува претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Немаме кворум.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Неколку пати интервенирате за кворум.

Предлагам да се направи пауза.

(Реакции и несогласување во салата со овој предлог).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ги молам пратениците да влезат за гласање.

**ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА:**

Почитуван потпретседателе, навистина ова се случува пред очите на целата македонска јавност.

Мислам дека е крајно несериозна оваа седница.

Затоа ве молам, од мое име да ги поканите сите пратеници кои се надвор и од овој миг натаму додека не ја завршиме седницата никој да не излегува, бидејќи го носиме Буџетот, разговараме за амандмани и јавноста гледа кој е на своите седишта, а кој излегува.

Имам чувство дека пратениците на СДСМ повторно ја блокираат седницата.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Пратеничката Валентина Божиновска немаше право ова што го рече, затоа што коалиционите партнери имаат мнозинство. Ако мнозинството од коалиционите партнери не е внатре, тогаш што од опозицијата се бара.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Молам службите нека пребројат колку пратеници се присутни во салата.

(Пратеникот Ѓулистана Марковска, бара збор процедурално).

Процедуралните, што се однесува до присутноста, тие што треба да бидат присутни, треба да бидат.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Со оглед на тоа што има многу повеќе присутни во салата, отколку што има гласачи, доколку и понатаму се продолжи со истата пракса на гласање, ќе предложам да се исклучи системот за гласање електронско и да се гласа со кревање на рака.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Во салата се присутни 64 пратеници.

Ве молам, констатирам дека амандманот не го добил потребното мнозинство и не е прифатен.

Пратениците Димитар Бузлевски и Илија Филиповски поднесоа амандман на член 3 раздел 9002 ставка 443 потставка 443140 и раздел 19201 ставка 468 потставка 468010, член 3 раздел 12001 ставка 472 потставка 472093, за додавање на нова потставка 472094, со потставка 472093 и на раздел 21001 ставка 463 потставка 463019 и на член 3 раздел 16040 ставка 468 потставка 468010 и на раздел 12001 ставка 472 потставка 472026, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Радомир Карангелески, поднесе амандман на член 3 раздел 8001 ставка 401 потставка 401021, раздел 8001 ставка 401 потставка 401030, раздел 8001 ставка 426 потставка 426115, раздел 8001 ставка 427, за додавање нова потставка раздел 7001 ставка 467 потставка 467030 и на раздел 9001 ставка 467 потставка 467103, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Чедомир Краљевски и Биљал Љатифи поднесоа амандман на член 3 раздел 2001 ставка 420, потставка 420050, поставка 420069 и потставка 420070 и на раздел 6001 ставка 468 потставка 468096, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Мухамед Тахири и Хисни Шаќири, поднесоа амандман на член 3 раздел 14001 ставка 441 потставка 441198 и на раздел 14001 ставка 426 потставка 426083, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 2001 ставка 420 потставка 420050, потставка 420069, потставка 420077 и на раздел 6001 ставка 468 потставка 468069, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски и пратеникот Биљал Љатифи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор бара г-ѓа Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Овој амандман беше присутен во собраниската расправа на пратеничките групи и е начелно договорено истиот да се прифати што трошоците се сметаат на ниво од 1998 година.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Збор има г. Стојковски Благоја.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Комисијата за избори и именувања не одржа седница и сметам, доколку одржеше седница едногласно овој амандман ќе беше прифатен и предложен на Собранието, од проста причина што изгледа дека ние во 2000 година како Собрание не треба да работиме. Ако ги погледнеме трошоците за седници, хранарините и се друго што има 1998 година, биле четири милиони, во 1999 година шест милиони, 2000 година се предлага 2,5 милиони.

Ако ги погледнеме трошоците за патување, во 1998 година биле 6,5 милиони, во 1999 година 9,5 милиони, а сега се предлагаат 3,5 милиони. Дали ова Собрание може да работи со вакви средства што се одредени од страна на Влада на Република Македонија? Проекцијата на Буџетот да биде задржана барем на ниво на 1998 година, овие средства сега се 50% од средствата што биле во 1999 година.

Невозможна е понатамошна работа на Собранието по исплата на хранарини, дневници, патувања, бидејќи во 2000 година овој Парламент треба да оствари уште поголема соработка со други Парламенти од земјава.

Мислам дека овде треба сите пратеници, се работи за работа на највисокиот законодавен дом, да дадеме поддршка на амандманот и амандманот треба да биде прифатен.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господин Бошков се јави за збор.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Сакав само да напомнам дека станува збор за идентичен амандман на Комисијата за надворешна политика, што на мое жалење, Владата сепак не сакаше да го прифати, а толку е очигледно ова да биде составен дел. Причините се едноставни. Во текот на 1999 година имавме гости од цел свет, воглавно од Европа, но и од други континенти. Ние не патувавме од проста причина што сме свесни за можностите, на економскиот потенцијал. За наредната година, како Комисија, а претпоставувам и како парламентарни делегации за соработка со други држави, не мислиме да патуваме и да ги узурпираме државните и народни пари, но оваа ставка што е предложена од Министерството е под секоја критика.

Барањето што е сега во вид на амандман е сосема на место.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Има збор г. Љутвил Биљал.

**БИЉАЛ ЉУТВИУ:**

Господине потпретседателе, моето презиме е Љутвиу. Често пати велите Љатифи.

Овде беа изнесени причините за поднесување на амандманот, но една не беше истакната за ваков амандман сите координатори на пратеничките групи, во една прилика кај претседателот на Собранието се согласивме да поднесеме еден ваков амандман, па затоа да не должиме многу, во интерес на времето да продолжиме и да гласаме по амандманот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 78 пратеници, од кои 63 "за", против 11, воздржани 4.

Констатирам дека овој амандман е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 8001 ставка 401 потставка 401021, раздел 8001 ставка401 потставка 401030, раздел 8001 ставка 426 потставка 426105, раздел 8001 ставка 427 за додавање нова потставка, раздел 7001 ставка 467 потставка 467030, раздел 9001 ставка 467 потставка 467003, поднесени од пратеникот Радомир Карангелески.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Констатирам дека гласале 62 пратеници, 45 се против, што значи дека гласале за 12, дека не доби мнозинска поддршка и дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандман на член 3 раздел 9002 ставка 443 потставка 443140, раздел 1921 ставка 468 потставка 468010, поднесени од пратениците Димитар

Бузлевски и Илија Филиповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г. Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Мислам дека би требало да се размисли околу ставот на Парламентот за овој амандман, заради тоа што сите на свој начин сме единствени во ширење на плуралните процеси во Република Македонија и дека за таквата посакана активност многу е важно како ќе го следиме функционирањето, од финансиски аспект, на Здруженијата на граѓаните и невладините организации.

За да се вклучиме во токовите што важат за земјите со развиена демократија, од особена важност се активностите на таквите организации. Штом е тоа така, мислам дека би било од интерес овој Парламент да ја согледа таа потреба и за 2000 година да ги обезбеди средствата, што беа обезбедени во 1999 година за финансирање на вршењето на нивните функции. Тоа е многу важно, ако навистина целиме кон ширење на демократските процеси, што се во интерес на продлабочување на плуралните односи во Република Македонија. Ако само декларативно ги поддржуваме, а финансиски не им помагаме тоа значи поинаков однос кон нив и тоа значи поинаков однос кон демократските односи во Република Македонија. Ви благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 72 пратеници, а амандманот доби поддршка само од 13 пратеници, констатирам дека истиот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 12001 ставка 472 за додавање нова потставка 472094, потставката 472093 и на раздел 21001 ставка 463 потставка 463019, поднесени од пратениците Димитар Бузлевски и Илија Филиповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г. Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

И минатата година поднесов амандман за истата претпоставена активност и во таа можност расправајќи по амандманот, после објаснувањето на претставникот на Владата го повлеков амандманот, бидејќи бев убеден дека тоа што беше кажано јавно на говорница, ќе се реализира во 1999 година.

Тогаш беше кажано дека Република Македонија води грижа за заштита на Преспанското Езеро и дека посебни активности се во тек, тогаш биле во тек за обезбедување на такви средства, веќе се обезбедени такви средства од соработката со Светската Банка. Очигледно дека проблемите кои што се настанати во контактите со комуникацијата со Светска банка, задираат и во оваа сфера и како резултат на тоа во 1999 година немаше никаква активност на планот на заштитата на Преспанското Езеро.

Да потсетам дека, се работи за минимални средства кои што бараме како стапка да се внесат во Буџетот, заради нужно реализирање на обврските на оваа држава према тој раритет за изработка на физибили студија, затоа што постапката за добивање на средства како донации за заштита на животната средина е многу јасна и во таа постапка предвидено е за одредени објект кој што би бил предмет на донирање на средства за негова заштита од странски влади, други влади мора да има физибилити студија. Тоа не е ништо ново, таа постапка ние ја изминавме во изминатиот период за заштита на Охридското Езеро и како резултат на претходно добро осмислените активности, кои што резултираат со изработка на физибилити студија, држава Македонија како неповратна помош доби средства од Сојузна Република Германија во износ од 20 милиони германски марки за заштита на Охридското Езеро.

Таа активност беше извонредна, резултираше со конкретен резултат, иако Владата во 1999 година многу пропаганда си направи самата на себе како успех кој што таа го постигнала.

Јас се надевам дека такви успеси Владата сака и понатаму да постигнува и се надевам дека таков успех сака да постигне на полето на заштитата на Преспанското Езеро и од тие причини, со оглед на тоа што

Преспанското Езеро само локално е на територијата на општина Ресен, а треба да биде грижа на држава Македонија, бидејќи тоа е убавина на држава Македонија, мислам дека најмал напор што треба да се направи од овој состав на Парламент, е да се изгласа овој амандман за да се обезбедат овие средства, со кои би се овозможила изработка на физибилити студија, со која може да се бара донации од надвор, за кои што постојат извори.

Јас ги молам колегите пратеници да ја имаат оваа потреба пред себе, заради тоа што на убавините на Преспанско Езеро и тие треба да се радуваат.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор?

Има збор Спанаков Ристо.

**СПАНАКОВ РИСТО:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, во прилог на дискусијата на господинот Бузлевски, за мене ова е информација, ќе се потрудам преку Министерството за животна средина да се направат напори во тој правец, така да во текот на јануари месец 2000 година, најверојатно ќе биде склучен договор за разбирање помеѓу Република Македонија и Република Грција, кој што се однесува за заштита на Дојранското Езеро, заштита на Преспанското Езеро и водите на реката Вардар, така да веројатно во тој дел е влезено сигурно и ова што господинот Бузлевски го бара.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор повторно се јави господинот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Благодарам на колегата, но мислам дека ако зборуваме за активности кои што треба да се случат и ако мислиме дека во тие активности има простор за вградување на ваквото мое барање, јас не го делам неговото мислење, затоа што сепак сметам дека тие договори кои што би биле чекор напред се од друга природа и дека во тие договори се регулираат вкупните води и режимот на експлоатација на водите во Дојранско и Преспанско Езеро, а се надевам дека во иднина ќе следи за водите на реката Вардар таква активност, затоа што Дојранското и Преспанското Езеро граничат со Република Грција.

Јас уште еднаш апелирам. Се работи за минимални средства, не сакам да се водиме од одредени претпоставки дека нешто ќе се случи, искуството ми покажа дека во 1999 година такво нешто не се случи, иако од претставник на Влада беше земена таква обврска, затоа го повторувам апелот до пратениците да направиме минимално, но значајно за заштита на еден природен објект, кој што е понос на Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и истиот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно присутни 92 пратеника, гласале 70, од кои за 14, воздржани 10 и 14 против.

Констатирам дека амандманот не го доби потребното мнозинство.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 14001 ставка 441 потставка 441198 и на раздел 14001 ставка 426 потставка 426080, поднесени од пратениците Мухарем Тахири и Хисни Шаќири.

Го повикувам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Молам, дали некој бара збор?

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Дами и господа пратеници, се работи за еден многу важен амандман, кој лично сметам дека пратениците треба да го изгласаат.

Предвидените средства од страна на Буџетот за Берзата за земјоделски производи, не ги исполнуваат ни минимално трошоците што треба да ги има берзата за 2000 година и затоа јас сметам дека ништо не е вака важно и нема да влијае многу во Буџетот на Република Македонија, бидејќи се работи за една скромна сума од три милиони денари да се доделат на берзата, за да може истата да профункционира во 2000 година.

Јас сметам дека ова Јавно претпријатие е многу важно за Република Македонија, бидејќи од тоа многу зависи земјоделското производство. Преку ова Јавно претпријатие, ние можеме да овозможиме, да создаваме поповолни услови за пласманот на нашето земјоделско производство и надвор од земјата. Затоа ние не треба да формираме само Јавни претпријатија, туку треба да обезбедиме и средства за да профункционираат.

Верувајте дека со предвидените средства берзата не може да ги покрие ниту платите, ниту другите трошоци што ги има. Берзата моментално плаќа и кирија за објектот што го користи за своите потреби. Затоа трошоците се многу поголеми од сумата што е предвидена во Буџетот. Мислам дека треба да се создаде шанса на ова Јавно

претпријатие да профункционира. Ние можеме тоа да го оствариме само преку усвојување на овој амандман.

Затоа сметам дека оваа работа треба да ја сфатат сите пратеници многу сериозно, бидејќи се работи за интересите на сите земјоделци во Република Македонија и затоа треба да размислат и да гласаат за овој амандман.

Уште еднаш повторувам дека не се работи за голема сума господа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор?

Со оглед дека никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Од вкупно присутни 92 пратеника, гласале 66, од кои 18 за, воздржани 6, против 42.

Амандманот не го доби потребното мнозинство.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 160040 ставка 468 потставка 468010 и раздел 12001 ставка 472 потставка 472026, поднесен од пратениците Димитар Бузлевски и Илија Филиповски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е составен дел на текстот на Буџетот.

Господа пратеници ве известувам дека повеќе амандмани нема.

Продолжуваме со работа по текстот на Предлогот на Буџетот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по Предлогот на Буџетот и го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Од вкупно 92 присутни пратеници, гласале 74, од кои 68 за, 2 воздржани и 4 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Буџетот на Република Македонија за 2000 година. (Аплауз).

Минуваме на точката 3 - Предлог за донесување на Закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2000 година, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за извршување на Буџет на Република Македонија за 2000 година.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно присутни 91 пратеник, гласале 68, од кои за 66, воздржани нема и против двајца.

Констатирам дека Предлогот на заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Молам да гласаме.

Од вкупно присутни 91 пратеник, гласале 66, од кои 64 за, 1 против, воздржани тројца.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 4 став 2, членовите 5, 6, 17, 18, 19, 20, 21, член 6 став 2, членовите 10 став 1, 12, 16, 29 и 31, член 17, член 18 и на член 22.

Пратеникот Љатиф Пајковски поднесе амандман на член 8 став 1, по кој Владата не се произнела.

Комисијата за образование и наука поднесе амандман на член 13 за менување на став 2, за кој Владата не се произнела.

Пратеникот Мевљан Таири поднесе амандман на член 12 и на член 13 став 2, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 2, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Повереникот на Владата се согласил.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој текст е составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на членовите 5, 6, 17, 18, 19, 20 и 21,

поднесени од Законодавно - правната комисија.

Повереникот на Владата се согласил.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека и овој амандман е составен дел на текстот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 2, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

И овој амандман е составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1, поднесен од пратеникот Љатиф Пајковски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и му предлагам на Собранието да гласаме по амандманот.

Од вкупно присутни 91 пратеник, гласале 64, од кои за 6, воздржани 7, против 51.

Овој амандман не доби доволно поддршка.

Констатирам дека не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на членовите 10 став 1, 12, 16, 29 и 31, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман повереникот на Владата се согласил.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 12, поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Молам, дали некој бара збор?

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Го повлекувам амандманот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Бидејќи подносителот го повлекува амандманот, констатирам дека нема потреба од негово понатамошно разгледување.

Отворам претрес по амандманот на член 13 за додавање на став 2, поднесен од Комисијата за образование и наука.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Молам, дали некој бара збор?

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

За разлика од претходниот амандман, за кој имам разбирање за неприфаќањето, мислам дека во овој случај се прави една голема сериозна отстапка на разните институции кои што остваруваат сопствени приходи.

Мислам дека вака како што е ставено во Законот за извршување на Буџетот на разните институции кои што остваруваат сопствени приходи, им се остава по свое наоѓање да ги трошат овие средства, мислам дека државата нема апсолутно никаква контрола врз нивното трошење.

Амандманот се состои во смисла на добивање на согласност од страна на соодветното министерство, или ако мисли Владата поинаку, но во секој случај би требало да постои соодветна контрола во трошењето на овие средства, за кои што немаме ни точни сознанија како се собираат и како се трошат. Односно имавме некои најави, така озборувања дека тие средства се трошат мимо овој закон, кој што и минатата година важеше, а и сегашниот, односно се трошат за намени, кои што се забранети со овој закон.

Токму затоа, сметам дека Владата треба да има контрола врз остварувањето, односно прибирањето и трошењето на овие средства, кои што во разни институции кои што работат под капа на државата, ги остваруваат.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам. Дали некој друг бара збор? (Никој).

Со оглед на тоа што никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Молам, да се произнесеме и да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 9 го поддржале амандманот, воздржани 8, 45 против и констатирам дека амандманот не доби потребно мнозинство.

Отворам претрес по амандманот на член 13 став 2, поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Молам, да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 5 го поддржале амандманот, 11 воздржани, 52 против.

Констатирам дека амандманот не доби потребно мнозинство.

Отворам претрес по амандманот на член 17, поднесен од Законодавно -правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Овој амандман се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е во состав на текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 18 поднесен од Законодавно -правната комисија.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе, бидејќи повереникот се согласува.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

И овој амандман Владата го прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е во состав на текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 22, поднесен од Законодавно -правната комисија.

Молам, претставникот да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ.**

Се прифаќа и тој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е составен дел на текстот на Законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлог на законот и Законот го ставам на гласање.

Молам, да гласаме.

Констатирам дека 67 пратеници гласале, 59 пратеници гласале за, воздржани нема и 8 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2000 година.

Минуваме на точка 5 - Предлог Одлука за целите и задачите на монетарната политика во 2000 година.

Предлогот на Одлуката, извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес. Дали некој бара збор?

За збор се јави г. гувернер Љубе Трпевски.

**ЉУБЕ ТРПЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, знам дека сте на крај со снагите, затоа нема да Ви одземам многу време со моето излагање, само неколку реченици дозволете ми како увод.

Прво, за остварувањето на монетарната политика во 1999 година. Во член 3 од Законот за Народна банка на Македонија, е напишано дека Народната банка е самостојна институција, одговорна за стабилноста на домашната валута. Ако имаме предвид дека инфлацијата во 1999 година ќе биде испод 1% и дека е непроменет девизниот курс на валутата спрема германската марка и другите валути од Европската Унија, кои што се врзани за еврото, тогаш можеме слободно да кажеме дека и внатрешната и надворешната вредност на денарот е стабилна и со тоа ја реализирала оваа своја основна задача Народната банка.

Се разбира, не го направи тоа само со монетарната политика, туку со вкупната економска политика што се реализираше од страна на Владата и од овој Парламент. Монетарната политика е само еден сегмент од тоа. Три се клучни столба за реализирање на макроекономската стабилизациона политика. Тоа е монетарната, фискалната и политиката на плати. Тие три клучни елементи ги дадоа резултатите.

Во поглед на проекцијата за 2000 година, знаете со целите на економската политика, поставени се амбициозни цели, остварување на пораст на општествениот производ од 6% и инфлација мерена на

декемвриско ниво од декември до декември до 4%.

Проекцијата на монетарната политика е во функција на реализирање на овие цели и затоа е предвидено вкупните кредити да растат скоро со 18%. Вкупните кредити што банките ќе ги даваат на стопанскиот сектор или како ние го викаме не државниот сектор. А, паричната маса мерена како М2 денарски дел со 13,6%.

Исто така, со монетарната проекција е предвидено да се откупат вишок на девизниот пазар на девизи од 55 милиони долари и за тоа не можеме само со емисија на пари, бидејќи тоа по инфлаторно ќе делува да го правиме, на помош ни доаѓа Буџетот, кој што го изгласавме една милијарда и триста милиони денари треба да се префрлат во Народна банка, во функција на откупот на девизите, да се зголемат девизните резерви, а тоа да не делува проинфлаторно.

Со структурните реформи што се замислени да се реализираат во 2000 година, пред се, во делот на Стопанска банка и зајакнувањето на супервизорските стандарди во Народна банка, е предвидено ако се реализира продажбата на Стопанска банка и ако се реализира обврската за загубарите, да се приватизираат или затворат, да е можно, почнувајќи од вториот квартал да се напуштат лимитите и слободно банките да располагаат со средствата, кои што се наменети за кредитирањето. Тоа ќе придонесе за зголемување на понудата и на намалување на каматните стапки.

Ете, во тој амбиент е направена проекцијата на монетарната политика и јас Ве повикувам да ја изгласате. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлог одлуката и Одлуката ја ставам на гласање.

Молам, да гласаме.

Гласале 69 пратеници, 68 пратеници гласале за, против гласал 1 пратеник.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за целите и задачите на монетарната политика во 2000 година.

Минуваме на точка 6 - Предлог Одлука за девизна политика и Предлог платен биланс на Република Македонија за 2000 година.

Предлогот на Одлуката и Извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор?

Збор побара г. Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Дали е Одлуката за девизната политика ставена на расправа? (Да).

Би сакал да добиеме прецизен одговор од страна на Владата, во врска со два документи кои ни се доставени, во врска со макроекономската политика, а кои во себе имаат една разлика.

Во Одлуката за девизна политика и Проекцијата на платниот биланс за 2000 година, во точката 2 ставот 4, во првата алинеја пишува дека: "за унапредување на слободната трговија во 2000 година активностите ќе бидат насочени кон вклучување договори за слободна трговија со земјите членки на ЕФТА, Романија, Албанија, Босна и Херцеговина, Украина и други", а додека во документот кој ни е доставен макроекономската политика на Република Македонија, на страна 2 во став 3 пишува дека: "ќе се склучат нови спогодби за слободна трговија и со други земји", а во заграда е ставено "Украина и Тајван".

Што значи дека помеѓу Одлуката која ни е понудена и макроекономската политика, разликата е тоа што Владата во едната предлага, а во едната не предлага склучување на Договор за слободна трговија со територијата Тајван. Па, би сакал Владата да биде прецизна во изјаснувањето дали во политиката за 2000 година, навистина, подготвува Договор за слободна трговија со оваа територија или не.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ова е упатено до претставникот на Владата.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Во тек се преговори со Тајван, со големи изгледи наскоро да биде склучен таков договор.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Ме интересира дали ваквата спогодба ќе не приближи или ќе не оддалечи од светската трговска организација, за чие членство, исто така овде се предвидуваат чекори за...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За тоа ние ќе цениме дали ќе ја прифатиме Одлуката или не.

Ние ќе одлучиме за тоа.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Разговорите што се водат се разгледани од сите аспекти, така што ќе нема никакви проблеми во поглед на соработката, односно евентуалното барање за зачленување во Светската трговска организација.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и отворам претрес по текстот на Предлогот на Одлуката.

Одлуката ја ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Присутни беа 94 пратеници, 63 пратеници гласаа за, против гласаа 5 пратеници и воздржани нема.

Констатирам дека Одлуката доби 63 гласа поддршка, 5 се против и дека истата е донесена.

Минуваме на точка 7 - Предлог за донесување на Закон за изменување на царинскиот закон, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлог на законот и Извештаите на работните тела Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за изменување на царинскиот закон.

Молам, да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 67 пратеници гласаа за, 1 пратеник беше против, воздржани нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам, да гласаме.

Господа, ако некој не стисне копче и сега треба сето тоа да го повториме. (Еднаш веќе гласаа).

Ве молам да гласаме уште еднаш.

Гласале 62 пратеници. Сите 62 пратеници гласале за.

Констатирам дека Предлогот е усвоен на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отварам општ претрес по Предлог на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот и Законот го ставам на гласање.

Молам, да гласаме.

Гласале 70 пратеници, 68 пратеници гласале за, против гласал 1 пратеник, воздржан бил 1 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Царинскиот закон.

Минуваме на точка 8 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за додадена вредност, со Предлог на Закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлог на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави г. Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине потпретседателе, дозволете по повод на оваа точка од дневниот ред и неколку други точки од дневниот ред, од име на пратеничката група на СДСМ, сакаме јавно да укажеме на една стравична инертност, која се појави со доаѓањето на оваа Влада на власт во Република Македонија. И која, после година ипол, сите закони, кои беа во насока на прилагодување на нашиот систем со реалноста, со оној на Европската Унија и т.н., настапи еден процес на некаква чудна релаксација, на не спроведување, или не подготвување да се спроведат веќе донесените закони, од јануари 1999 година. И така сега влегуваме во една процедура, која на секој 3, 6, или 12 месеци, само ги пролонгираме роковите за спроведување на закони, кои треба да се спроведат од 1 јануари 1999 година, значи точно 12 месеци треба да бидат спроведени.

Тоа е случајот и со претходниот закон, за кои, туку што го поместивме рокот, сега со овој закон се случува слично, за поместување на рокот. И ако го видите дневниот ред, за да не се јавуваме повторно, законите кои требаше да стапат во сила, во соодветни рокови, зборовите: "31 декември," се заменуваат со, во еден случај со 30 јуни 2000, а во друг случај со 1 април 2000 година.

Значи, сакаме да укажеме на една прилично чудна брзина, со која оваа Влада сака да ги менува односите во Република Македонија, односно во овој случај, таа брзина е брзината на желка. Дури оние закони, кои беа донесени и требаше да се спроведуваат, не се спроведуваат. Нашите информации говорат дека поместувањето на роковите и за овој Закон за додадена вредност, не значат ништо ново, затоа што министерствата не се подготвени да ги спроведуваат тие закони во рок од два месец, или онолку колку што се предлагаат, така што се плашиме дека ние во новиот век ќе влеземе со законодавство, кое всушност, не може да се прилагодува на современите барања на македонската економија.

Така што, наспроти овие експозеа, наспроти лидерските позиции, кои се кажуваат, од страна на премиерот на Македонија, во рамки на Западниот Балкан, кој стана омилен термин, на премиерот за лидерство во Македонија. Да потенцираме дека со вакво одложување на рокови постојано од страна на оваа Влада во последниве три четиринаесет месеци, ние всушност упорно си седиме на местото од каде што тргнавме пред една деценија, за да ги менуваме по сериозно односите, дури и оние закони кои се променија сега се пролонгира нивното спроведување. Така сакаме да укажеме дека оваа појава не води никаде. Го одложуваме Царинскиот закон, го одложуваме Законот за данок на додадена вредност, одложуваме одредби од Законот за ревизија, сега туку што зборувавме за Буџетот кој што го усвоивме, кој подлежи на државна ревизија, согласно тој закон по сите стандарди, како се трошат тие пари. Еве помина и тој закон сега се одложуваат одредбите за него, ние немаме извештаи од Државната ревизија во РМ, како министерствата и буџетските корисници ги трошат тие средства, дали е тоа во ред, дали имаме контрола врз таквото трошење. Сите рокови се пролонгираат.

Сметаме дека со таа пракса треба да се престане и сите најави за лидерски позиции, сите најави за приближување кон Европа, сите најави за реформи во Македонија, наместо да се зборуваат од парламентарната говорница во овие закони треба да се најдат, а не да се одложуваат до бесконечно.

Така да изразуваме еден вид чудење и протест од страна на СДСМ, зошто Владата е доведена во позиција на секој 3, 6 или 12 месеци, само одложува закони, без никаква позиција да се соочи со намерата да почне да ги спроведува законите, односно да прави подготовки за нив.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави г-ѓа Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа, Законот за додадена вредност одамна се заговара дека треба да се донесе во Република Македонија. За прв пат смогна снаги да го донесе оваа Влада на РМ.

Се работи комплетно за нов закон, кој воопшто не функционира на територијата на Република Македонија и желбата овој закон со неговата примена не направи никакви проблеми кај сите граѓани, кои што практично ќе треба да бидат запознаени со неговата содржина, од проста причина што ќе влезат во токовите на економската сфера, каде што истиот ќе се применува.

Владата на РМ не постојано, туку за прв пат го пролонгира неговиот ток, односно го пролонгира времето од кога ќе треба да се применува. Тој рок воопшто не е многу далечен, туку се работи за технички подготовки, се со цел да неговото заживување и вистинско олицотворување, онака како што е замислен во законската процедура биде онака добар и се со цел да може да и граѓаните може да бидат подобро запознаени со неговата содржина. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Многу се милува во ова Собрание да се каже за прв пат, за прв пат, меѓутоа не е за прв пат.

Јас жалам што колешката не била во тек со она што се случувало во изминатиот период, во стариот состав на Парламентот, а за да биде во тек, ќе кажам дека овој закон се носеше во три фази и ова е последната фаза. Овој закон е комплетно ист по својата содржина, како и втората фаза на законот со измена во ставката на оданочување како данок на додатна вредност.

Инаку, законот ги има поминато сите филтри во втората фаза, во која фаза беше оставен во Владата, депониран како готов закон за да продолжи постапката за негово крајно донесување. Овој закон ги помина филтрите и на техничката мисија на ММФ, ги помина сите читања во рамките на стручната екипа на Светска банка и како таков во својот тогашен, а и сегашен текст е оценет како закон кој што ја унапредува даночната политика во Република Македонија, и ја издигнува на ниво на нејзина компатибилност со даночната политика во земјите со развиена пазарна економија.

Затоа не е за прв пат, е во крајна фаза, во која што не се носи, а таква е процедурата за носење на вакви закони.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави г-динот Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа, мислам дека воопшто не треба да спориме околу овие прашања, затоа што ние уште во предизборната кампања за парламентарните избори за овој состав на Парламентот, а и самиот премиер Љубчо Георгиевски кажа дека, сите позитивни законски прописи што се донесени од страна на претходната Влада и аналогно на тоа и од СДСМ што треба да се применуваат и се позитивни и се корисни за РМ, како континуитет ќе ги прифати. Мислам дека тука немаме никаков спор.

Се што е добро и од претходната Влада мора да биде добро и за оваа Влада.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави г-динот Љупчо Ристески.

**ЉУПЧО РИСТЕСКИ:**

Почитуван потпретседател, колеги пратеници, навистина јас се чудам зошто пратениците од СДСМ се чудат што овој закон се одложува за само три месеци, бидејќи и самите изнесоа дека овој закон беше во нивниот мандат подготвен и донесен и на крајот депониран во Владата токму заради одредени политички последици кои би настанале ако овој закон се аплицира, бидејќи сепак се работи за еден закон, кој што ќе доведе до поголеми потреси и промени во секојдневното работење на стопанските субјекти.

Токму од тие причини, Владата на СДСМ го одложуваше со години овој закон, а сега донесување измена на законот за само три месеци со цел да се подготват службите кои што треба да го спроведуваат овој закон. Токму затоа не треба многу да се чудат, бидејќи и на нив им е јасно зошто се прават овие отстапки.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван потпретсдателе, ова само како одговор на она што беше овде поставено како прашање.

Слушајќи го г-динот Бузлевски, имам впечаток дека Законот за додадена вредност е измислен во Македонија, а дека автентично го измислил СДСМ, односно тогашниот потпретседател. Се разбира дека се работи за многу клучен и системски закон, меѓутоа шест ипол години, колку што владееше СДСМ, беа сосема пристојно време за да се донесе онака како што сметаа.

Исто така, со сиот респект кои што биле спрема заложбите на поранешната Влада, меѓутоа ако веќе се работи за време траење за донесување имале доволно време за да го донесат. Фактички го донесе оваа Влада законот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави г-динот Димитар Бузлевски, за реплика.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Да беше од областа на медицината ќе се воздржев од реплика, меѓутоа бидејќи е од областа на економијата ќе морам да реплицирам и на двајцата ценети доктори. Не е работата во тоа дали некој го измислил овој закон. Овие се стандарди кои важат во една современа даночна политика во која и да било земја. Работата врз авторството на законот беше да се изработи таков закон, кој што ќе биде применлив врз основа на состојбите и структурата на македонската економија и на граѓаните во РМ, а тие содржини од одредбите на законот да се компатибилни со стандардите на законските материи во земјите со развиена пазарна економија.

Инаку, станува збор за реформски закон, станува збор за закон кој што во својата содржина ја издигнува даночната политика во РМ и крајно овој закон како пишан текст беше еден од условите за влечење на втората транша од ФЕСАЛ аранжманот, што ние како услов во претходната работа како држава ја исполнивме, не зборувам кој и која Влада, се знае и како резултат на тој исполнет услов од страна на Светска банка беше одобрено влечењето на втората транша од ФЕСЕЛ аранжманот за поддршка на платниот биланс во Република Македонија.

Инаку, се сеќавате дека за овој закон расправаше и овој состав на Парламентот и овој состав на Парламент го донесе овој закон, што упатува на тоа дека во време на носењето на овој закон бевме спремни како држава да го аплицираме во нашето законодавство важењето на овој закон.

Тоа значи дека сме биле спремни да преминеме кон практично применување на реформите во даночната сфера и на нас не не чуди што се бара пролонгирање на неговото важење, не сме зачудени од тоа, туку кажуваме и јас и колегата Поповски на тоа дека самото пролонгирање на важењето на примената на овој закон во РМ, не ослабнува во преговарачките активности со светските финансиски институции, бидејќи оценката за степенот на изведување на реформите се носи и со тоа.

Колегата Поповски кажа дека тоа важи и за претходниот закон, што јас исто го

подржувам и ние сакаме и како пратеници и како парламентарна група да се издигне степенот за готовност за примена на овие закони за да се ојача позицијата на Република Македонија на меѓународен план, при настапот на приговорите со меѓународните организации и нејзините афилиации. Тоа кажавме ние.

**ЉУПЧО РИСТЕСКИ:**

Јас немам амбиции да полемизирам со економистите, меѓутоа не треба да се биде голем економист за да се знае дека од 14 јули, кога е донесен законот односно од 16, кога е објавен во Службен весник имавме период само од 5 и нешто месеци. Тоа се факти кои што ние ги коментираме за разлика од периодот од кога беше тој закон подготвен во вашата Влада, меѓутоа чекаше со години за да биде донесен. Тоа беше поентата на моето дискутирање.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Во текстот на законот кој што е донесен во јули, во една од одредбите пишува кога тој стапува во сила. Ако почитуваниот колега сметаше дека не сме спремни како држава да стапи во сила на 1 јануари 2000 година, зошто во таа расправа тогаш не поднесе амандман и да се каже со амандманот бара да се промени денот на стапување во сила, во април 2000 година.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Јас навистина немав намера да се јавам по ова прашање за расправа, тоа е мое лично право зошто сега се јавувам, меѓутоа малку сум испровоциран од страна на позицијата, бидејќи навистина се мајстори од се да направат политика во Парламентот.

Јас сум свесен за се она што говореше во име на парламентарната група г-динот Поповски, на нашата парламентарна група и ние сме свесни дека под притисок на времето мора да гласаме за, значи за да се усвои овој закон вака како што е предложен. Инаку, имаме право како пратеници да го искажеме нашето лично мислење и став како парламентарна група, зошто не се согласуваме до бескрај вакви круцијални прашања од општествената и економската сфера да се одлагаат до бескрај.

Загрижува господа пратеници еден друг факт. Затоа јас денеска би предложил, или во писмена форма да поднесеме амандман ако има простор за тоа, да ги одложиме овие два системски закони од даночната сфера до крајот на 2000 година, затоа што одговорно тврдам дека на 30 март овде повторно ќе не викате за да гласаме за пролонгирање на рокот. Еве од кои причини го зборувам тоа.

Јас бев член на Државната комисија за правење на тој закон, како директор на Царинската управа во поранешната Влада, истикнавме до таму каде што стигнавме и ги задоволивме сите барања и од ФЕСАЛ и од ЕСАФ аранжманите, чии одредби во матриците, тогаш беа носење и на новиот текст на Царинскиот закон и на Законот за ВАТ.

Бидејќи вчера се договоривме да не споменуваме имиња кои не се присутни во салата, тоа нема да го направам, меѓутоа ќе кажам дека пред некој ден прочитав во печатот изјава од еден ценет стручњак, кој исто беше член на таа Државна комисија и рече дека неодамна ја посетил даночната управа и разговарале околу имплементација на ВАТ системот во РМ, т.е. околу воведување на данокот на додадена вредност и негово спроведување од 1 јануари 2000 година.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:** (Продолжение)

И знаете што има изјавено? Има изјавено дека со тие промени што се направени таму и со тој модел на управување на службата за собирање на даноци во оваа држава, навистина вие немате луѓе со кого терминолошки можете да општите по овие прашања. Што значи дека врвот на сегашната даночна администрација не разбира што е тоа ВАТ систем, т.е. што е данок на додадена вредност.

Ако е тоа така констатирано на крајот на 1999 година, јас се прашувам како е можно за три месеци прво теоретски да научиш што е данок на додадена вредност, а камоли да се спремни тоа да го практицираат и да го имплементираат да се воведе во Република Македонија.

Затоа уште сега дајте да се договориме, ние ќе ви дадеме поддршка како опозиција да ги одложиме двата закона, со тоа што јас го сфатив господинот Никола Поповски, дека ви укажа на еден битен момент, а тоа е ние завчера бевме сведоци на експозето на премиерот промовирајќи ја новата Влада, каде што во економскиот дел децидно беше кажано следното, дека 2000 година ќе биде година на реформи, поготово реформи во даночната сфера. Сега не можеме да се лажеме овде од говорницава и тоа од тие политички позиции, пред народот такви памфлети да пуштаме, ако кажеме дека ќе има реформи во даночната сфера и единствена реформа која ќе се спроведе во даночната сфера во 2000 година да биде одлагање на двата системски закони, кои ја поткрепуваат таа даночна сфера во севкупната економска политика на земјата, а тоа се царинскиот и Законот за додадена вредност.

Меѓутоа, притиснати од времето, еве јас лично, не знам другите мои колеги од пратеничката група како ќе гласаат, но јас ќе

гласам за одлагање. Меѓутоа, ако се констатира како ова пред малку што го спомнав, навистина нема простор ние за 1 април сега да гласаме. Дајте за 31.12. да го одложиме и да бидеме раат цела година, да не се навраќаме повторно на исти теми.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот за додадена вредност.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеници, 57 за, 5 воздржани, против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 56 пратеници, од кои 54 за, против 1, воздржан 1.

Да го повториме гласањето.

Вкупно гласале 68 пратеници, од кои 66 за, против 1 и 1 воздржан.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 2 став 2 и 3, член 3 став 1 и 2, член 4 став 2, член 6, член 8, член 9, член 10 и на член 12.

Пратениците Илија Лазаров, Ванчо Панчев, поднесоа амандман за менување на член 9, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Илија Лазаров поднесе амандман за додаваше на нов член 13-а, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 2 и 3, поднесен од Законодавно - правната комисија.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е составен дел на законот.

Отворам претрес по амандман на член 3 став 1 и 2, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Владата го прифаќа и овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е составен дел на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 2, поднесен од Законодавно - правната комисија.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е составен дел на предложениот закон.

Отворам претрес по амандман на член 6, поднесен од Законодавно -правната комисија.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е составен дел на предложениот закон.

Отворам претрес по амандман на член 8, поднесен од Законодавно -правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот Јордан Марковски.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е составен дел на текстот на Законот.

Отворам претрес по амандман на член 9, поднесен од Законодавно -правната комисија.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа, затоа што има уште еден амандман во кој е оваа содржина апсорбирана.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 64 пратеници, од кои 22 за, 35 против, и 7 воздржани.

Овој амандман не се прифати.

Отворам претрес по амандман за менување на член 9, поднесен од пратеникот Илија Лазаров и Ванчо Панчев.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандман на член 10, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот на член 10 се прифаќа.

(Со седницата продолжи да раководи Саво Климовски).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи овој амандман станува составен дел на Предлогот.

Отворам претрес по амандманот на член 12, поднесен од Законодавно -правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање на нов член 13-а, поднесен од пратеникот Илија Лазаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

И овој амандман се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници, од кои 65 за, 1 воздржан и против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност.

Минуваме на точката 9 - Предлог за донесување на Закон за гарантирање на инвестицијата на стратешки инвеститори и за преземање на одделни побарувања од крајни корисници од страна на Република Македонија во Стопанска банка – АД Скопје, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за гарантирање на инвестицијата на стратешки инвеститор и за превземање на одделни побарувања од крајни корисници, од страна на Република Македонија во Стопанска банка АД - Скопје.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 71 пратеник, од кои 67 за, 4 воздржани и против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 70 пратеници, од кои 68 за, 2 воздржани и против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 7, став 1 и на член 20.

Пратеникот Слободан Ќосев поднесе амандман на член 18 за додавање нов дел 5-ти со нов член 18-а, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 1 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на

член 18 за додаваше нов дел 5-ти со нов член 18-а, поднесен од пратеникот Слободан Ќосев.

Го молам претставникот на владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И тој станува составен дел.

Отворам претрес по амандманот на член 20, поднесен од Законодавно -правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

67 пратеници гласале за, 1 воздржан и против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за гарантирање на инвестицијата на стратешки инвеститори и за преземање на одделни побарувања од крајни корисници од страна на Република Македонија за Стопанска банка АД - Скопје.

Почитувани пратеници, јас мислам дека овие два дена доста работевме.

Јас би сакал сега денеска да прекинеме со работа, другите точки трпат и одлагање.

И да продолжиме после празниците.

Најнапред би сакал јавно на сите граѓани на Република Македонија да им ги честитам претстојните празници, да им пожелам во Новата година многу лична среќа, успех во семејството, да ни биде многу по бериќетна наредната година.

На секого од Вас овде во салата, Ви пожелувам многу здравје, многу успех, по редовно следење и учество во работата на Собранието и се надевам дека наредната година ќе ни биде година како што рече и премиерот, година на реформи, да се свртиме кон вистинските проблеми и да овозможиме колку што е можно во нашите рамки на познавања и на заложби еден по успешен и по просперитетен живот на граѓаните.

Истовремено ако дозволите, јас би ја прочитал честитката што до мене, а преку мене и до Вас ја испрати екс пратеникот господинот Митко Анастасовски. Во телеграмата се вели: "Господине претседателе, Вас лично и на сите пратеници во Парламентот од христијанска вероисповест, Ви ја честитам Новата година и Божиќните празници со искрени желби, добро здравје за Вас и Вашите семејства.

Исто така, со исти желби им ја честитам Новата година на пратениците од исламската вероисповест и нивниот голем верски празник. Ви пожелувам многу среќа и плодна работа за доброто на сите граѓани и нека владее мир меѓу Вас. Од се срце Ве поздравува екс пратеникот Митко Атанасовски".

Му благодариме.

Со ова би сакал господа пратеници да ја завршам денешната седница.

Уште еднаш да Ви пожелам убаво да си ги поминете празниците и се надевам дека во Новата година малку одморени, бидејќи Владата ни даде одмор од десетина дена, малку по одморени да можеме да ги завршиме сите овие седници кои што ги прекинав

(Седницата прекина со работа во 15,45 часот).